БРОЈ
83

ВО ОВОЈ БРОЈ:

тов: ДЕЛ ОД РЕФЕРАТОТ НА VI КОНГРЕС НА КПЈ.

Малеска: ВПЕЧАТОЦИ ОД КОНГРЕСОТ

ра Апева: ДЕЛ ОД РЕФЕРАТОТ НА VII ПЛЕНУМ НА А.Ф.Ж. НА МАКЕДОНИЈА

роф. Х. Поленаковиќ: ЛИКОТ НА МАЈКАТА ВО „СЕРДАРОТ" ОД Г. ПРЛИЧЕВ

Малинска: ЗА НОВИОТ ЛИК НА СЕМЕЈСТВОТО КАЈ НАС

Миљовска: ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА — ГРИЖА НА ОПШТЕСТВОТО

. П. и Ч. П.: ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ВО ПЕРИОДОТ НА ПОЛНОТО СОЗРЕВАЊЕ

ред изборите за Н.О.; Од активноста на нашите организации; ликовен прилог; Мода; Прилог о совети за жената и друго.

ЦЕНА
20
Д. И Н.

ПОБЕДА

А. Аугустинчи

Македонка

Македонка

ОРГАН НА АНТИФАШИСТКИОТ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

Бр. 83 Година VIII Декември 1952 год.

ДО ЧИТАТЕЛКИТЕ НА „МАКЕДОНКА“

После повеќе од една година, а со овој број, Вашето списание „Македонка“ отпочнува повторно да излегува. Обновувањето на списанието го наложи развојот на организацијата Антифашистичкиот фронт на жените, како и специфичните проблеми на женските организации од нашата Република.

На страниците на „Македонка“, како и порано, Вие ќе можете да најдете разни материјали — статии, раскази, прилози, осврти и др. во кои ќе се третираат проблеми од нашиот општествен, политички, културен живот. Освен тоа прилично голем простор Редакцијата на списанието ќе оддели за мода, кујна, практични совети за домакинките и друго.

Со ова Редакцијата на списанието апелира до сите жени од нашата Република и други читатели да го примат списанието како свое и со свои предлози, писма, осврти и совети да учествуваат во неговото издавање.

ОД РЕДАКЦИЈАТА

Издава: Главен Одбор на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија. Главен уредник Лилјана Манева
Редакција Ул. Илинденска 48, телефон 15-72. Чековна сметка при Народната банка 801-903213.
Поштарината е платена во готово. Печатница „Гоце Делчев“ — II (5494) — Скопје

Од Шестиот Конгрес на СКЈ

ПОЛОЖАЈОТ И УЛОГАТА НА ЖЕНАТА ВО НОВА ЈУГОСЛАВИЈА

(Дел од рефератот на другарот Тито)

Ние веќе повеќе пати истакнавме дека улогата на жените во нашата Револуција беше од огромна важност. Го подвлекувавме и тоа дека во натамошниот револуционерен развој нивната улога е од не помала важност во целокупниот општествен живот, политички, културен, економски и друго.

Овие наши констатации не се засниваат на некоја потреба од демагошка пропаганда, туку на вистински факти на тоа што нашите жени ја покажаа својата општествена вредност на сите полиња на дејноста, и тоа не помалку од мажите. Но, сепак веќе денеска кај нас може да се констатира извесно потценување на улогата на жената, особено во стопанството. Не е ретка појавата во последно време различни претпријатија да ги отпуштаат жените — работнички и земаат мажи, под изговор дека мажот е физички поотпорен и поспособен за разни специјализации отколку жената и слично. Тие појави особено се случуваат по предавањето на фабриките и претпријатијата на управување на работните колективи. Како дојде до тоа работните колективи да дозволат жените да се третираат како помалку вредна работна сила? Тоа произлегува оттаму што во работничките маси, нажалост, уште не е напуштено застарелото и несоцијалистичкото гледање на способноста и улогата на жената во општеството, т. е. сфаќање дека жената е создадена само за кујна, одгледување на деца и вршење на домашни работи.

Се разбира, дека првите повоени години женската работна сила непланski се земаше на работа и на оние работни места каде што таа навистина, поради физичката кондиција и опасноста за жената како идна мајка, не требаше да биде. Тука требаше, од чисто здравствени причини, жените да се заменат со појака, машка работна сила. Но, таа замена се вршеше и на полесните работи, како што е угостителството, трговијата, лесната индустрија итн.

Таквата пракса е апсолутно спротивна на нашите принципи и рамноправноста на жената. Рамноправноста не им е подарена на жените, тоа е придобивка од нашата Револуција, во која нашите жени и сами дадоа богат прилог во крв и животи во позадина и како борци. Таквата пракса кај нас веќе не смее да се повторува.

Овие цифри најјарно го покажуваат неправилниот однос спрема жената: во 1939 година учествуваа во стопанството 197.736 жени; во 1947 година тој број се качи на 199.236, во 1948 година на 376.836, а во 1949 година на 465.166; меѓутоа, во 1950 година бројот на жените земени на работа изнесуваше 434.222, во 1951 година 375.166, а во 1952 тој број сигурно уште се намали за некоја илјада, но за тоа уште нема податоци.

Познат е работниот хероизам на нашите жени на доброволните акции на младината и Народниот фронт. Тие тука даваа и уште и денеска даваат свој драгоцен прилог во изградбата на нашата социјалистичка земја, но, кога се работеше за таа работа, уште никој не се сети да каже дека жените во доброволната работа се понеспособни од мажите.

Точно е дека во нашата социјалистичка заедница жената има една од најзначајните задачи — да му дава и да му одгледува на општеството нови генерации. Но сите жени немаат деца и неможат сите од материјални причини да се посветат само на одгледување на децата. Да не се гледа тоа, значи да се нема смисла за социјална еднаквост и правда.

Слична е тенденцијата и во поглед на жените во народната власт. И тука се покажа дека бројот на жените во народните одбори речиси во сите народни републики опаѓа, иако постојано се качува бројот на жените што учествуваат на избори. Додека на изборите за Уставотворното собрание во 1945 година гласаа 80% жени веќе во 1950 година за Народното собрание на ФНРЈ гласаа 90,20% жени а од вкупниот број на бирачите што гласаа на изборите за републичките Народни собранија гласаа 52,8 процента жени. Значи, свеста на жените за нивната должност спрема новата општествена заедница беше дури и појака од свеста на мажите.

Нашите женски организации ја развиваа и се повеќе ја развиваат својата работа за згрижување на децата и мајките. Во тоа тие постигнаа убави резултати. Исто така направија прилично многу на просве-

Од отворањето на Конгресот

тувањето на жените, на идеолошкото и политичко воспитување; но морам да кажам, дека има уште доста слабости во просветувањето на жените на село. Во многу краишта на нашата земја, поради слабата работа на женските организации, селанките сé повеќе паѓаат под влијание на поповите, под влијание на религиозните предрасуди и секакви слепарии. што, се разбира, тогаш има негативно влијание и на одгледувањето на децата. Ако сакаме да ги спасиме децата и да осигуриме утре да бидат корисни членови на нашето социјалистичко општество, ние денеска мораме да ги спасуваме мајките што ги одгледуваат тие деца. Таа должност паѓа во прв ред на женските организации.

Јас кажав малку, или речиси ништо, за разните форми на работа и за успесите на женските организации во таа работа. Тоа им го препуштам на самите другарки во дискусијата. Мојата цел беше да укажам во прв ред на некои негативни појави во однос на улогата на жените и на најопасната слабост за работата на женските организации — на работата на село, бидејќи сметам дека е тоа толку важно прашање, што нашите женски организации морат итно да му посветат најголемо внимание.

Милка Малеска:

Впечатоци од Конгресот

Оние часови кога итавме кон Загреб преку питома Шумадија, низ слободарскиот Белград, по ширните пространства на Славонија, — некако неприсилено го обземаа секој од нас чувства на радост, среќа а и нетрпение (впрочем оправдано), зашто ние, избраните делегати за Шестиот конгрес, ќе се најдеме во салата каде што ќе се излее нескршливата моќ на нашата Партија, каде што ќе го чуеме зборот на другарот Тито, зборот на вистината, на решеноста наша за нови и нови победи, зборот на борецот и човекот, — н а ш и о т збор. Во тоа празнично настроение човек не може а да не го возобнови во своето сеќавање изминатиот славен пат на Комунистичката партија на Југославија, низа моменти кои го одбележуваат тој пат, толку светол и чист.

Како денес да беше . . . Врват низ главата спомени од оние дни кога, во условите на кралската диктатура, оваа иста Партија што го одржува својот Шест конгрес, ги сплоти околу себе работниците и сиот работен народ на некогашна Југославија, застана на нивното чело и смело ја поведе борбата против теророт и гнетот, вишејќи го знамето на Маркса, Енгелса и Ленина. Во тие дни на илегална борба, иако не бефме го виделе, ние ја чувствувавме раката на Тито, мислата на Тито, револуционерната моќ на Тито што ја прелеа и во нашите жили. Жените на Југославија разбраа дека само во борбата на КПЈ ќе ги остварат своите права на рамноправен живот во таква заедница во која ќе е искоренета експлоатацијата на човека од човек. Затоа и во најсудбоносните години од историјата на нашите народи, во ослободителната војна, организирана од Партијата, жените покажаа беспримерен хероизам, делејќи ги и маките и победите со своите другари. Зашто ние во тие маки и победи ја видовме радосната иднина на нашите деца . . .

Од урнатините и од гробовите ширум целата наша земја се роди победата. КПЈ и тогаш нé предводеше во новата борба за создавање од нашата заостаната земја социјалистичка заедница на братските народи...

И така, минавајќи во мислите од година на година, од настан на настан, со револт, но истовремено и со гордост, се сеќававме на срамната резолуција на Сталиновиот Информбиро, кога се бараше нашите народи и нашата Партија да клекнат пред московскиот самодржец, кога нашите народи и нашата Партија откажаа да станат послушни робје, да ја продадат слободата и независноста на земјата за која ги дадоа животите синовите и ќерките на непокорна Југославија. Оттогаш до денеска во ФНРЈ се настанати огромни промени што ќе се одбележат на Конгресот во Загреб и ќе се донесат заклучоци од историско значење за натамошниот наш развиток . . .

Штом ќе слезеш на железничката станица во Загреб и штом се сретнеш со луѓето за да поизмениш мисли, со првиот збор, со првиот поглед, заклучуваш дека во секој од нив овие дни се раѓале истите мисли како и кај тебе, истите спомени и истите очекувања. Но тоа е толку разбирливо!

Во конгресните дни Загреб беше сиот искитен со знамиња, зеленила, слики на нашето партиско раководство а навечер се капеше во богатиот светлосен сјај. Сето тоа на градот му даваше чудно свечен изглед и просто секое негово катче потсетуваше дека тука — во Загреб — се држи Шестиот конгрес!

Конгресната сала на Саемиштето, приготвена наочно за овие дни, искитена е вкусно. На ѕидовите, обложени со црвени драперии, можат да се прочитаат паролите: „Да живее Комунистичката партија на Југославија“, „Да живее социјалистичка Југославија“, а над подиумот за работното претседателство — „Пролетери од сите земји соединете се“. Спроти него се бистите на Маркс, Енгелс, Ленин и Тито.

Колку срдечни, другарски средби имаше во оваа сала пред да започне со работа Конгресот! Борци од Лика, Кордун, Загорје, Босна, Словенија, Војводина, од Космет, Црна Гора и Македонија, распрснати по сите

(Продолжува на 17 стр.)

VII пленум на Главниот Одбор на АФЖ на Македонија

НАШАТА РАБОТА И НАШИТЕ ЗАДАЧИ

На 24 минатиот месец во Скопје се одржа пленарен состанок на секцијата на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија. На дневен ред на овој состанок беа поставени прашањата за работата на АФЖ и учеството на жените во изборите, покренување на списанието „Македонка“ и мерки за неговото растурање и за здравственото просветување на женската селска младина.

На овој пленарен состанок другарката Вера Ацева, претседател на секцијата на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија, поднесе реферат за досегашната работа и идните задачи на организацијата. Донесуваме делови од рефератот:

Пред нас се изборите за Народни одбори, кои ќе се извршат во текот на декември, а кои по своето значење, со оглед на правата, што се предвидени по новиот Закон, ги надминаваат сите досегашни избори.

Во врска со изборите за Народни одбори пред нашата организација АФЖ стои задача по пат на политичко-разјаснувачка работа за значењето на овие избори да изврши најсестрана мобилизација на работните жени, не само за стопроцентно излегување на изборите и гласање за најдобрите, а и за активно учество на жените во кандидирањето. Всушност при кандидирањето треба, по пат на разобличување да се попречи вовлекувањето во одборите на разни кариеристи и непријателски елементи.

Посебно, нашата организација треба да поработи меѓу жените за тоа при кандидирањето да бидат застапени со доволен број жените.

Политичката мобилизација на жените за изборите не треба и не може да се одвива само во рамките на НФ т. е. само преку фронтовските конференции, туку и преку посебните форми на АФЖ-по седенки, курсеви, друштва, па сé до држење на посебни конференции со жените. Ова е потребно особено на село и во националните малцинства, бидејќи добар дел од жените не може да се опфати со предизборната агитација на НФ.

Реорганизацијата на АФЖ и резултати од неа.

Задачата на реорганизацијата на АФЖ, која се изврши, беше таа да се прекине со дуплирањето на политичката и друга работа на АФЖ со НФ, да се ослободиме од крутите форми на работа со жените, што ги одбиваат истите, а да се изнајдат нови, поинтересни и поприврлечни за жените форми, ните. Меѓутоа, што стана во пракса. Реорганизацијата всушност, барем на пракса испадна така, што се сфати како ликвидирање на АФЖ и тоа во прв ред од оние другарки што работеа во одборите, па и од некои одбори на НФ. Оттука и онаа негрижа на одборите на НФ за секцијата на АФЖ и нивното препуштање сами на себе по прекинувањето врската со Главниот одбор на АФЖ. Па не само тоа, ами се дозволи дури и со знаење и одобрување на партиските Комитети поспособните другарки да се извлечат, а во секциите да останат другарки кои не само што не се кадри за работа со жените, ами не претставуваат никаков авторитет во очите на овие.

По советувањето во ЦК со секретарите на Околиските комитети за работата со жените, и благодарение на мерките што беа тогаш преземени, положбата во организацијата на теренот се измени.

Но и покрај тоа што се постигнати извесни резултати во работата на АФЖ, можевме да констатираме:

Прво, дека е тоа така главно само по градовите и дека се работи со градските жени, а во селата со мали исклучоци (Т. Велес), сé уште нема ништо, а уште повеќе меѓу жените од националните малцинства.

Второ, дека и покрај тоа што се третирани главно проблеми кои најмногу ја интересираат жената, сé уште не му се има пристапено систематски на проучувањето и постепеното разрешавање на тие проблеми од страна на АФЖ, во заедница со органите на власта и др. заинтересирани.

Трето, политичка работа со жените од страна на АФЖ сé уште нема речиси во ниедна околија; работата на курсевите, друштвата и др. форми за работа со жените се доста аполитични.

Четврто, работата со жените сé уште лежи главно само на оние другарки кои се во секциите, а не и на други жени членови на Партијата и активистки.

Работата на жените членови на Сојузот на комунистите на Југославија.

Кај поголем дел жени-членови на Партијата, па дури и кај некои жени-раководители, постои не само погрешно, ами и штетно мислење за работата со жените; се мисли дека е тоа работа само на секцијата АФЖ и на другарките што се во неа, а не и на сите жени-членови на Партијата. Па не само тоа, ами дури од некои жени, пред сé поизраснати раководители, страшно се потценува таа работа и постои страв и отпор да не бидат ангажирани во работата по АФЖ и под најразновидни изговори се обидуваат да се извлечат од дадените им задолженија по АФЖ.

Овие жени-членови на Партијата забораваат дека масовната работа со жените е и партиски проблем и дека Партијата е заинтересирана и тоа како за успешното спроведување на својата линија кај жените. Па не само тоа, ами се заборава на основното задолже-

ние на членот на Партијата да ја спроводи линијата на Партијата во масите секојдневно и систематски не само со поединечен контакт со луѓето, туку и преку активното и конкретното учество во некоја од масовните организации. Ако е тоа така, тогаш треба да се прашаме, оние жени членови на Партијата, кои не се ангажирани во работата на АФЖ кога, како и кому ја преносат партиската линија.

Идеолошко-политичката работа и културното издигање на жените.

Најважна задача пред АФЖ денеска е идеолошко-политичкото и културно-просветното издигање на жената, нејзиното просветување и создавање лик на социјалистички човек. За таа цел е потребно преку најразновидни форми и начини да ја опфатиме и последната чесна жена и на време да ја информираме за сите политички и други настани во светот и кај нас во земјата. Да не остане ни една жена неинформирана за да се спречи со тоа да наседнува на непријателски пароли и пропаганди.

Јасно е дека денеска не можеме политички да работиме со жените преку големи собранија, конференции и др. Сега е потребно многу потемелно, поконкретно и поквалитетно да се работи со жените. Оттука е важно низ целокупната дејност на организацијата да се спроведува и политичка работа, т. е. низ сите форми за опфаќање на жените, како што се друштвата, курсевите, седенките, излетите и др. да се проткае и политичка работа. Програмата за таа работа треба да биде таква какво е политичкото ниво на жените кои ќе минат низ разните курсеви. Не треба да научат на пример само готвење, туку тие треба и политички да се издигнат, да се создаде интерес и љубов кај нив за читање на весници и други книги. Всушност да се издигнат до таа мера што по свршувањето на курсот да не престане нивната активност, а сами да бараат работа.

Секако еден од најшироките и најтешките проблеми во подигањето на културното ниво на работните луѓе кај нас е проблемот за културно-просветното издигање на жената, особено жената од националните малцинства и жената селанка. Оттука за неговото решавање е потребно упорно, систематска и долготрајна работа и тоа од сите фактори и органи а посебно од АФЖ. Токму со оглед на ширината на тој проблем, АФЖ треба да ги оддели најважните прашања за културното издигање на жената и конкретно и систематски да се бори за нивното решавање. И тоа како прво треба да се земе оспособувањето на жената за културно, економично и воопшто угледно водење на домаќинството. Да се организираат најразновидни курсеви за домаќинство, за готвење и сервирање, за калорична и воопшто правилна исхрана, приготвување зимница, за шиење и облекување на жената, за хигиенско и укусно уредување на куќата, за лична хигиена и тн.

Најпогодна и најпривлечна форма за работа со жените на село и националните малцинства се секако курсевите за домаќинство. За таа работа би можеле и би требало најмногу да се грижат учителките кои работат на село, но не само тие, а треба да се испраќаат и другарки од градот на по 5 до 10 дена кои ќе ги организираат тие кратки домаќински и други курсеви.

Во работата за културното издигање на жените посебно внимание треба да и' се посвети на борбата против суеверјето кое е страшно вкоренето кај жените. Преку разни читачки групи, курсеви, предавања, седенки и др. со жените треба да се изучува научно популарна и здравствено просветна литература од која ќе добијат општи и здравствени познанија.

АФЖ и заштитата и воспитувањето на децата.

Една од најблагородните задачи со кои и другарот Тито ја задолжи на Ш Конгрес на АФЖ женската организација, секако е грижата околу заштитата и воспитувањето на децата.

Правилно одгледување и воспитување на детето, морално-интелектуално, во духот на патриотизмот може да му даде само културно издигната мајка, то ест мајка која не е оптеретена со разни назадни и реакционерни сфаќања, која не е суеверна итн.

Нашата организација по прашањето за одгледување на децата треба најконкретно да се ангажира во подигањето на општата а посебно на здравствената култура кај мајките. Преку разни курсеви, предавања, советувалишта, преку читање здравствена литература да ги обучуваат мајките како треба да ги исхрануваат и облекуваат децата, кога и како да ги сончаат, како треба тие самите да се хранат додека ги дојат децата за да бидат здрави итн.

АФЖ пред сé треба да се бори за тоа да ги заинтересира мајките то ест тие да сфатат дека треба да се борат свесно систематски со детските слабости за нивното правилно воспитување. Во заедница со педагошки и други фактори треба да се организираат предавања за запознавање на мајките со општите педагошки принципи. Напоредно со тоа да се пристапи кон создавање на разни детски игралишта, градини и др. како за школските така и за претшколските деца.

Жената и стопанството

Учеството на нашата жена во стопанството во споредба со нејзиното поранешно учество и во однос зголемувањето на учеството на машката работна сила во повоениот период е доста задоволителна. Меѓутоа, во последно време бројот на жените земени на работа доста опадна.

Но најважното е тоа што по прашањето за земање жени на работа постои едно штетно мислење не само кај добар дел на мажи туку и кај повеќето жени дека тие не треба да одат на работа а пред сé да бидат посветени на куќата, децата, мажите. Оттука е и онаа појава што и квалификувани работнички по мажењето се повлекуваат од работа. Па и кај некои другари и другарки комунисти, и ако во помал број ги зафатило тоа, се јавува стремење за извесен поголем комодитет и повлекување на жената од работа под изговор дека со развивањето на техниката не ќе има потреба од женска работна сила и дека таа во перспектива ќе се врати в кујна и при децата.

Јасно е дека и колку да се развила техниката во една социјалистичка земја не може да се дозволи половината од населението да не учествува во производството а со тоа да биде економски зависно-аполитична и јасно нерамноправна. Ние не можеме сега уште ништо да кажеме како ќе се решава проблемот за чување на децата во јасли, градинки и други установи — тоа е работа на иднината. Ние сме начисто со тоа дека тој проблем нема да се решава со враќање на жената в кујна и да чува деца. Жена која седи в кујна не само што е економски зависна туку таа и не може воопшто во пракса да биде рамноправен член на заедницата. Поради тоа против вакви и слични штетни разбирања треба да поведе борба не само нашата Партија а и сите масови организации, во прв ред АФЖ. Борбата за превоспитувањето на жената во прв ред е задача на АФЖ.

ЗАКЛУЧОЦИ

од Седмиот пленум на Главниот одбор на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија

Врз основа на рефератот и дискусијата VII-от пленум на Главниот одбор на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија одржан во Скопје на 24 октомври 1952 година, ги донесе следните заклучоци:

Постојано да се развива и продлабочува социјалистичката демократија во нашата земја, да се децентрализира стопанството и претпријатијата да им бидат предавани на управување на непосредните производители, да се децентрализира државната управа и да се формира месна самоуправа во лицето на народните одбори — да се даде најширока можност за развивање иницијативата на масите и нивното учество во решувањето на сите општествени — државни проблеми.

Од друга страна, развојот на нашата земја токму по тој пат на социјалистичката демократија бара длабока социјалистичка свест на широките трудбенички маси, вклучувајќи ги тука и жените. Социјалистичката демократија не може да се замисли без давање можност на најширок круг жени да учествуваат активно во стопанскиот, државниот и општествениот живот, што всушност значи практично ползување на извојуваната рамноправност.

Секоја манифестација во нашата земја говори за високата свест на нашата жена, за тоа дека таа е со целата си сила предадена на оваа земја и социјализмот. Но не станува збор само за таа општа свест, туку за секојдневно активно учество на жената во политичкиот и општествениот живот, за создавање од неа активен социјалистички граѓанин. Во таа смисла еден дел од жените заостануваат зад темпото на брзиот социјалистички развој на нашата земја, што е особено карактеристично за жената на село.

Од досегашната работа на организацијата Антифашистички фронт на жените се констатира дека нашата организација го има, главно, најдено патот за разрешување основните задачи, што стојат пред неа. Таа успеа да ги погледа отворено најосновните и непосредните прашања за жената и да најде најсходни форми за разрешувањето на истите во сегашната ситуација. Но, ако може да се говори за вакви активности во градовите, ние треба бездруго да констатираме дека работата на село е, главно, запоставена. Таква положба денеска има и во редовите на малцинските жени, коишто сеуште не земаат доволно активно учество во нашиот општествен, културен и стопански живот.

I

Непосредна и конкретна задача, што стои пред нас во овој период, се изборите за општински, околиски и градски народни одбори, во кои што голема и важна улога се паѓа на организацијата Антифашистички фронт на жените. Овие избори се меѓу најважните избори за органи на народната власт во нашата земја по ослободувањето. Новата организациона структура на народните одбори, нивната нова улога и место во нашиот државен систем, како и општата демократизација во нашата земја им даваат специјално значење на сегашните избори за народни одбори. Успехот во исполнувањето на новата улога и задачи на новите одбори ќе зависи од тоа кои и какви луѓе — мажи и жени, ќе влезат во нив и каква и колкава ќе биде помошта и контролата на народните маси над нив.

Во спроведувањето на овие избори нашите жени треба да земат најактивно учество како во политичката работа околу објаснувањето значењето на изборите, така и во борбата за кандидирањето на најдобрите и најсвесните социјалистички градители за одборници во новите одбори и за сенародно излегување на изборите и гласање за најдобрите кандидати на Народниот фронт.

Сите наши одбори и организации треба да пристапат кон претстојните избори како кон една голема политичка школа на нашите маси, во која што жените ке треба да го покажат своето досегашно политичко искуство и социјалистичка свест.

II

1. Пленумот поставува пред сите одбори и организации на Антифашистичкиот фронт на жените задача да ја отстранат дефинитивно слабоста во политичката работа со жените, сметајќи дека по реорганизацијата тоа е исклучиво или во најголем дел грижа на Народниот фронт.

а) Во таа смисла, за политичкото издигање на жените ќе треба да се ползуваат сите досегашни форми за политичка работа со жените, во зависност од нивното културно и др. ниво и од конкретната положба, како на пример: предавања, читачки групи, личен контакт и друго.

б) Да се ползуваат и сите други форми за работа со жените, како на пример домакински курсеви, разни семинари, друштва итн, за политичкото издигање на жените.

в) Основно во политичката работа е и секојдневната борба за активизирањето на селските и малцинските жени во сите области од нашиот живот.

2. Културно-просветното издигање на жената денеска е исто така, актуелно прашање пред нашата организција. И тоа започнувајќи од најосновните културни навики и прашања какви што се водењето на домакинството, писменоста, хигиената та до развивањето желбата за систематски активен културен живот.

а) Една од задачите во таа смисла е оспособувањето на жената за културно и економично домакинство. За тоа да се ползуваат најразлични форми за работа со жената, како курсови за готвење, шиење итн.

б) Организацијата Антифашистички фронт на жените ке треба, исто така, преку претстави, ширење на печатот, излети, колективни посети на кина и тн.,- да работи на културното издигнување на жената.

в) Во целокупната работа важно место зазема борбата против суеверјето, како остаток од нашето темно минато, како и борбата против ширењето и развивањето на разни религиозни секти, што го шират своето влијание меѓу жените (саботјани и др.).

г) Тука спаѓа и здравственото просветување на жената, што опфаќа низа задачи како личната хигиена на жената, хигиената во куќата, правилното одглеување на деца и др.

3. Грижата за децата и' налага на организацијата Антифашистички фронт на жените низа задачи:

а) формирање разни курсеви за исхраната и одгледувањето на детето, разни здравствени предавања, ширење здравствена литература и др.

б) Организацијата Антифашистички фронт на жените ќе треба да води постојана грижа и за децата под старателство, да не дозволи тие да бидат експлоатирани, а особено да води грижа за нивното правилно воспитување.

в)Во содејство со педагошките и други фактори треба да се организира запознавање на мајките со општите педагошки принципи. Исто така да се помогне во организирањето на разни детски установи.

г) Да се зацврсти контролата над употребата на детскиот додаток од страна некои несовесни родители.

4. Да се пристапи кон зацврстување на одборите на Антифашистичкиот фронт на жените на село, да се изнајдат разни удобни форми за работа во селата, како и да се продолжи со прилагањето на досегашните, што даваа добри резултати, како на пример, да се организираат разни широки домакин-

(Продолжува на стр. 19)

Ликот на мајката во „Сердарот“ од Григор С. Прличе

Пишува:
Проф. Х. ПОЛЕНАКОВИЌ

Најмилото на секој човек — ова е вечна вистина — е мајката. Мајката е најсаканиот створ на земјава и таа го претставува единствениот створ што во себе ја содржи неизмерната и несебичната љубов спрема целото човештво. Оттука и произлегува фактот, што во нејзина чест, во знак на љубов и почит, во знак на признание за нејзините безгранични жртви, човештвото, преку своите најславни, избрани, синови, преку поетите, сликарите, скулпторите, — создале безбројни и величествени книжевни и уметнички дела, во кои е претставен ликот на саканата мајка. Преку делата на народниот пеач, преку творбите на поетите и уметниците од класичниот период, па преку тие од времето на ренесансот, до денешен ден, цела една легија од познати книжевници и уметници, преку разновидните свои творби, учествувале во компонирањето на огромната симфонија, што го носи името така драго за секој човек, името — м а ј к а.

Од сите обработувани теми во светската книжевност и уметност, таа за ликот на мајката била најблагородната и најсаканата за секој поединец — творец, и за секој што се одушевувал со односните творби, бидејќи секој од нас го носи ликот на мајката во себе, во најмилите свои спомени.

Како и кај другите големи поети, и кај нашиот познат поет и борец за народна просвета Григор С. Прличе (Охрид, 1830 — 1893) ликот на мајката е најсветло дадениот лик во неговото книжевно дело, а особено во неговата славна поема „Сердарот“.

Обидувајќи се да го прикажам ликот на мајката во „Сердарот“ на Прличе, јас ќе си позволам слобода, да се помогнам со исказувањата на самиот Прличе, по однос на ова прашање. Во „Автобиографијата“, второто важно книжевно дело на нашиот поет, Прличе ни изнесува, на многу убав и сугестивен начин, низа настани и личности од неговиот живот. Важно како книжевно дело и како културно-историски документ за животот на Охрид (и на самиот Прличе), во текот на некои педесетини години од минатиот век, Прличе во својата „Автобиографија“ ни изнесува цела галерија од личности што биле во блиска или подалечна врска со него, во времето за кое зборува тој во своето автобиографско дело. Од личностите за кои зборува Прличе, најмногу место и' е посветено на мајка му на поетот. Кога зборува за неа, Прличе нема доволно зборови за да ја прикаже неа; нема доволно светли бои, за да го наслика целосно нејзиниот светол мајчински лик, за да ја прикаже нејзината несебична љубов и грижа, за да ги прехрани со своите десет прста, своите рожби што останаа сираčиња, без татко, уште пред да се роди нашиот поет. За бедната економска положба во куќата на поетот, за маките што мораше да ги поднесува неговата мајка, за да ги исхрани децата, за неприликите и за срекните часови што ги имал нашиот поет во својот бурен живот, за сето тоа, доста опширно зборува Прличе во „Автобиографијата“. Од секоја страница на тоа дело, не гледа загриженото мајчино око на Марија Ѓокова Прличе, мајка му на нашиот поет, за која со топла синовска љубов и голема гордост зборува Прличе, изнесувајќи ги нејзините духовни и физички квалитети. Мајка му на Прличе беше- како зборува поетот, „лавица телом и душеју“; таа беше жена чиите „мишици и' беха железни“, а духот слободен и смел. Во спомените на Прличе мајка му зазема особено место и заради тоа што е таа и татко и мајка во домот од нашиот поет.

Спомнувајќи се на мајката и воспевајќи ја во „Автобиографијата“, Прличе, на едно место, ни ја открива генезата на Неда, јунакињата од „Сердарот“. „О п и с а н а т а в о „С е р д а р о т“ Н е д а — вели Прличе после еден долг пасаж во кој со голема топлина зборува за својата мајка — н е е д р у г а о с в е н м а ј к а, и Н е д и н о с н о в и д е н и е, м а ј ч и н о м и с н о в и д е н и е... Со ова кажување на Прличе, нам многу конкретно ни се објаснува зошто Прличе со толку топли и светли бои ја дава главната личност во „Сердарот“, мајка му на Кузмана, односно својата мајка. Сликајќи ја мајката на Кузмана сердарот а, како што видовме, надополнувајќи го ликот на својата мајка, Прличе ни даде лик на една навистина голема, идеална мајка. Подгревуван со синовска љубов, а користејќи ги своте високи поетски дарби, Прличе успеа да ни даде еден сестрано обработен херојски лик, лик што го красат најплеменитите врлини. Користејќи се, притоа, во сликањето на Марија — Неда, со поетските средства научени кај Омира, Прличе ни даде еден омировски лик, полн со најубави својства, со љубов, достоинство, правдољубие, самопрегор, патриотизам.

За да можам ликот на мајката во „Сердарот“ да го прикажам барељефно, во најкуси црти ќе ја изнесам содржината на поемата, користејќи се со препевот, што го даде самиот Прличе, а што годинава беше објавен во изданијата на Скопскиот филозофски факултет.

Откако, во самиот почеток, на класично-мајсторски начин, во дваесетина стихови, во згусната форма, ја изнесе содржината на „Сердарот“:

„Плач и пис'к се слуша во Река,
Во Галичник село многострадно . . .“, заради погибијата на

„Наша слава Кузмана јунака“ и заради сознанието оти нестана јунакот, што ја бранеше незаштитената раја од качачките зулуми, авторот започнува, омировски спокојно, епски да ни го опишува ликот на Неда, која што, како е обичај кај нас, на куќниот праг го чекаше својот син, Кузмана:

„Жена горда, честна, среднолетна,
м'жествена како Амазонка
и прелестна како Афродита.
Пред колена сплела силни р'це,
Меж колена пушкино е дуло,
Кое сама осветлила беше . . .
Сочна младост ешче ја венчава,
нито Кронос на лице ej хукнал:
тја е Неда Кузманова мајка,
в вси мајки хвална и блажена.“

Во очекувањето на саканиот син, Неда е сета зафатена со тешки, лоши мисли, поради црните претскажувања, симболично прикажани во матните соништа. Неда сонувала дека и последниот столб на куќата паднал, и дека со тоа се угаснала куќата нејзина. Сета занесена во тие мрачни мисли, Неда и не го слуша оддалеченият сенародeн плач, со кој започнува поемата, нити ги забележува минувачите, што не сакале да бидат весници за несреќата, што ја задесила мајката, туку минувале молкум. Токму кога Неда мислеше — како и Андромаха во очекувањето на Хектора — на водата што беше ја приготвила, топла, за да може во неа да се искапе умореното и потното тело на Кузмана, — силен топот се зачу недалеку од портите и четворица Геги (шиптари од племето Геги), придружени од расплаканото население, го спуштија носилото со мртвиот сердар недалеку од нозете на Неда. Се раскина мајчиното срце . . .

Со расплетени коси и со река солзи, како лавица на која ловецот и ја грабнал првата рожба, Неда силовито се проби меѓу народот до мртвиот син:

„И хврли се на мртвого сина
Како Вакха с отрешени коси.
Писком гушка студена му глава,
како бршлен расп'тно растење
гушка бистро јаворово дрво,
на което свој живот подпира."

Дури сега, откако ја видовме сета полна со бол Неда, поетот го пушта напред најстариот меѓу Гегите, тој да ја изнесе, со многу детали, битката во која загина Кузман со својата дружина, уништувајќи, при тоа, десетпати појак непријател. Раскажувајќи за битката, стариот Гег и објаснува на мајката, дека задивени од херојското држање на Кузмана, тој уште со троица другари, што единствено останаа живи од големата качака чета, не сакаа да го остават мртвиот херој, да го распарчат дивите sверови, туку го донесоа за да му одадат почест нему и нејзе, на јуначката мајка. Таа не треба да жали, дека родила херој за кого ќе пеат певци „И т'нки моме и лепи невести". Од почит спрема неа, Гегите се ветуваат дека ниеден од нивното племе нема да стапи на прагот на нејзината куќа, поготово не оти има доста раја, што ќе морд да ги рани качаците. На последните зборови, во срцето на уцвелената мајка, избувнува силен патриотски огон, и таа се откажува од понудата на Гегите, советувајќи им да се мавнат од тука:

„О ничтожни Геги голоноги,
како голи така горделиви . . ." Зар уште мислите на злосторства, на грабеж и убиства. Зар мислите дека со смртта на Кузмана изумреа јуначните луѓе во Река! Не, вели Неда:

„Но и други м'жи има Река,
и ним Неда доб'р воевода,
што ни гони по зелени гори" — сé додека не ги уништи качаците, како што чинела, секако, славната војвотка Сирма, за која пеел народот песни, или додека таа сама

„Или сама честно да погибне. „Неда не се бои од нивните чети, бидејќи нејзината куќа има доволно оружје, а таа е добар стражар:

„И е Неда стражар уважаем."

Но сепак Неда, како права домаќинка, ја признава почеста на Гегите, и им советува мир, да се откажат од напади на Река:

„Инак мира нема между нами,
нека б'де бојно днес начало!
Ниту може добрувати Неда.
Кога страда отачество нејно."
— — — — — — — — — — —
— — — — — — — — — — —

Дури кога Гегите, задивени од нејзината смелост, ветуваат дека нивна нога нема да стапи во Река, дури тогаш Неда одново се дава на својот бол и се посветува сета околу мртвиот син:

„Та си дигна Неда труп огромен,
труп огромен, но за мајка лесен . . ."

И потоа, во детали, поетот ги изнесува обичаите што се вршат во Охрид околу мртовецот: капењето, облекувањето и најмногу тажењето над мртовецот. Во сите церемонии Неда е активна, особено во тажењето. Таа долго тажи, и во тажачката ја изнесува историјата на домот на Кузмана, потсетувајќи дека и нејзиниот маж, таткото на Кузмана, загинал исто така како и Кузман во борба против потисниците-качаци. Таа жали што останаа даровите сватовски не износени, што нема снаа да прегрне, ниту внуче да залула.

Тажењето на Неда го прифакаат и други жени, коистовремено плачат и за своите синови, другарите на Кузмана, што останаа во гора зелена. Неда, општа мајка, наредува да појдат луѓе во планина и да ги пренесат загинатите другари на Кузмана, за да не би станале плен на дивите sверови.

Понатаму, во поемата, поетот ни ја прикажува свршеницата на Кузмана, како и почитта што му ја одава народот на гробот на сердарот.

Ете, тоа е, во најкуси црти, содржината на „Сердарот" — а преку неа можеше да се види големиот и светлиот лик на една македонска мајка, ликот на Марија — Неда, ликот на една хероина на која татковината и е еднакво мила како и роденото чедо, која повеќе милува да загине, отколку да гледа како страда нејзината татковина.

Л. Личеноски — Жена од Охрид

Веселинка Малинска

ЗА НОВИОТ ЛИК НА СЕМЕЈСТВОТО КАЈ НАС

Влијанието што врз семејството го имаат извршено длабоките општествени промени во нашата земја е од битно значење за неговиот изглед и содржина. Иако во него сеуште има остатоци од старото, семејството кај нас веќе суштински се разликува од она од пред војната и од семејството во капиталистичките земји. При преценката на оваа разлика често се запаѓа во погрешно толкување, имено дека кај нас денес семејството се наоѓа во криза, во нестабилна положба и дека треба да се оди кон неговото враќање во поранешната состојба. Ако се работи за некаква криза на семејството кај нас, тогаш тоа е криза на она старото, преживеано во него, на она што нужно мора да умре за да и' даде место на новата основа, врз која се градат и понатаму-ќе се развиваат социјалистичките семејни односи. Во нашата земја процесот на создавањето новиот лик на семејството е извонредно сложен и ќе биде долготраен поради значителните патријархални остатоци во него. Но она што е најважно за развитокот на семејството во ново социјалистичко семејство тоа е создадено кај нас, — а тоа се социјалистички општествени односи. И во процесот на општата социјалистичка изградба ќе се одвива и претворањето на нашето семејство во вистински социјалистичко семејство, семејство со нов социјалистички морал и лик.

Во нашето општество на односите во семејството и на улогата и местото на семејството во изградбата на социјализмот им се придава големо значење. На нашето општество му е потребно здраво и цврсто семејство, што ќе биде една од основните единки на општествениот организам, семејство во кое ќе се создаваат оние односи помеѓу луѓето што треба да постојат во социјалистичкото општество како целина. Сите морални квалитети кои ги бара социјалистичката заедница од своите членови треба да бидат одлики и во меѓусебните односи внатре во семејството. Само по таков начин семејството во нашето општество може да ја има онаа улога што му припаѓа, а тоа е да биде заедно со останатите општествени единки (претпријатие, школо, политичка или општествена организација и така натаму) активен фактор во изградбата на социјалистичката свест кај луѓето. Затоа односите во семејството кај нас неможат да бидат работа само на неговите членови. И државата и општеството имаат право и треба да водат сметка за него и да го управуваат неговиот развиток по правилен пат. Врз принципите што укинуваат секаква експлоатација на човек од човек и врз основа полната рамноправност на жената и децата во бракот, во нашите закони, почнувајќи од Уставот па се и до најмалите уредби и прописи, народната власт ги регулирала сите односи и во семејството. Врз базата на ова, склучените бракови и основаните семејства навистина можат да бидат сериозни фактори во социјалистичкиот развиток на нашето општество.

Семејството во граѓанското општество се одржувало во најголемиот дел со надворешни средства и на вештачки начин. Кај нас семејството се изградува така да биде пред се цврсто и здраво од внатре, во него да владеат вистинска љубов и меѓусебно разбирање и почитување, во него да се одгледува правилен однос кон човечкиот труд и кон интересите на заедницата. Единствено во такви семејства можат да растат духовно и морално здрави нови поколенија. Оние семејства што одат во рашчекор со нашиот развиток негативно делуваат преди се на своите сопствени деца правејќи по таков начин од нив неискрени и лицемерни луѓе во однос на заедницата. Кога се говори за воспитната улога на семејството на децата, па и на самите родители, треба да се одбележи и една негативна појава што постои кај нас, можеби повеќе по инерција. Се работи за недоволното обрнување внимание во изградбата на правилни семејни односи во оние семејства, каде што за тоа постојат најарни услови, имено, каде што родителите се и политички и културно издигнати луѓе. Може да се сретнат луѓе што во нашиот политички и општествен живот истапуваат како најнапредни членови на заедницата по сите прашања, а истовремено во своите семејства дозволуваат да постојат разни малограѓански, недемократски, некултурни или дури и нечовечки односи. Новиот лик на семејството кај нас може да се создаде само со свесен и организиран напор како од страна на заедницата така и од страна на секој поединец, а што е најважно тоа треба да биде единствен процес на изградбата на новиот лик на нашето општество и на нашиот човек како член на тоа општество.

Покрај многуте промени што во животот на жената настапија кај нас по ослободувањето е и промената во нејзиното место и улога во семејството. Два фактора се од битно значење за денешната положба на жената во семејството: укинувањето во нашата земја секаква експлоатација на човек од човек и рамноправноста на жената. И едното и другото ги создава главните предуслови жената да го добие она место во семејството што како на човек и мајка со право треба да и' припадне. Денеска кај нас уште при склучувањето на бракот и основањето на семејството жената истапува како рамноправен, слободен и независен партнер, што со полно право бара сите должности и права во семејството да бидат подеднакво поделени. Државата и ја дава сета законска а општеството сета морална поткрепа за тоа. Само таму каде што жената сеуште не е доволно свесна за своите права, или економски несамостојна, постојат такви семејства во кои таа живее нерамноправно и по стариот начин. Но тоа е еден процес што мора да помине, дури не се преодолеат сите остатоци на старото. Она со што тука може и треба да се помогне тоа е политичко — воспитната работа на сите политички организации, а специјално на женските.

ЗАШТО ЈА САКАМ СВОЈАТА ПРОФЕСИЈА?

Што значи работата за тебе? Тоа е прашање кое го определува секого како човек и висината на неговата свест. Дали тоа значи заработување на леб, или нешто повеќе? Интересно е прашањето зашто си се определил баш за таа професија? Што е тоа што те тера да ја гледаш смислата на својот живот баш тука?

Нема тука ништо интересно, не прекинува еден од другарите. Ти сакаш да бидеш новинар, секаваш способност за тоа и се определуваш.

— Не е баш така. Јас како новинар сум му поставил прашање на еден ударник: Што е тоа што те тера да бидеш ударник? — Живеам подобро-ми одговори. Дали е пораснал тој до своето звање? Не е. Зошто некои студенти во последно време почнаа да бегаат од агрономија, а не порано?



Тоа беше смислата на дискусијата што ја водевме пред неколку дена собрани околу еден другар дојден од болница.

— Бев оболен од тифус, а чудна е таа болест, имаш постојано бесвестица, губиш снага и по некогаш си апатичен. Изгледа дека ќе изгаснеш, а немаш снага да се бориш. Сега просто се потресувам кога ќе си спомнам за тоа. Се прашам на што го должам својот живот? — почна трет, како без врска со нашата дискусија.

— На медецината — го прекинувам.

— Незнам дали само на медецината, или исто толку и на негувањето? Со сите знаења на медецината јас можев да умрам ако не беше тоа негување. Имаше таму една сестра Васка Ми се чини дека ме дигна сосила. Таа просто погодуваше во каква положба сум и тогаш седеше покрај мене со часови. Ги употребуваше сите средства. Тоа беше енергија однадвор, која ме дигна. Зошто работеше таа така упорито. Дали само за тоа што и' е тоа занает?

*
* *

Разговараме со шефот на клиниката доктор Брезјанин и му ги изнесуваме зборовите на нашиот пријател.

— Не е тоа единствен случај, тоа е речиси секојдневна појава да се изразува благодарност за нејзината примерност.

— Дали е тоа само примерност?

— Внимателна е спрема болните, најдобра е во групата на сестрите од целиот факултет. Секојдневно се грижи за своето стручно оспособување. Не се задоволува само со констатација, ами насекаде бара причина. Во лабораторијата сама ги проучува причините на болестите.

— Му поставивме прашања на доктор Николич. Тој одговара кратко: Васка е незаменлива.

Кога станавте медицинска сестра? — ја прашавме неа?

— Во 1945 год. Бев без работа и немав никакви квалификации. На една конференција на АФЖ се постави за пишување на курс за медицински сестри. И јас се запишав.

— Добро а зошто ја избравте токму таа професија? Таа мисли и ни се чини како да се враќа со години назад.

— Како дете сонував да бидам лекар и да носам бел мантил. Но немав средства да студирам.

— Дали е тоа? Од соништата во младоста до вистинскиот живот има голема разлика.

— Луѓето тука страдаат, умират, а сакат да живеат. Работата, зафака, влече, сето тоа станува дел од твојот живот и ти се бориш со цела снага, да исполниш што се бара од тебе, свестен дека од тебе зависи многу.

Тоа се неколку зборови. Но така е. Ни се чини дека ка е тоа одговор на прашањето. Работата престанува да биде нужда, таа станува потреба, цел на животот, таа влече напред, дел е од тебе самиот и ти не би бил она што си ако се откажеш од неа. Тоа е онаа квалитетна промена по оној пат, каде се почнува со: Работам затоа што треба да јадам — до тоа: Работам затоа што работата е смислата на мојот живот.

В.

УЧЕСТВОТО НА ЖЕНИТЕ ВО ОДБОРИТЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ

Не еднаш е пишувано по прашањето за учеството на жените во Народните одбори. Тоа е прашање дискутирано и во врска со конкретното применување на извојуваната рамноправност и во врска со активното учество на жените во политичкиот и општествениот живот. Денеска ова прашање станува пак актуелно, затоа што самиот развој на социјалистичката демократија го поставува многу остро пред нас. Сите револуционерни мерки што се преземаат кај нас како израз на нашиот јасно оцртан социјалистички развиток, ја определуваат физиономијата на нашата сегашнина и иднина, укажувајќи дека нема социјалистичка демократија без широко учество на работните маси во управувањето. Токму ваков револуционерен и докрај социјалистички развиток постулира јасно едно прашање: Дали зад овој темпо на развиток кај нас, не заостануваат жените?

Броевите за учеството на жените во Наордните одбори не можат да ни дадат точна слика нити за висината на политичката свест ни нашите жени нити за степенот на нашиот општ развиток, но се интересни како сигнал, алармираат и бараат да се проанализират, а проблемите кои се појавуваат решат во склад со нашиот социјалистички развиток.

Ако ги погледаме резултатите од изборите во декември 1949 година, ќе го видиме следното: избрано е вкупно 11528 одборника, а од нив се 661 жена или 5,73%. Од тој број на одборници на Месни Народни Одбори доаѓаат 7262 одборника / од се 356 жени или 4.9%. Во изборите што се спроведоа за Месни Народни Одбори во април 1951 година, избрано е 13.044 одборника, од кои 664 жени или 4,6% од вкупниот број на одборници. Податоците за поедини околии или Месни Народни одбори даваат уште полоша слика. Например во Кичевска околија: од 374 одборника за Месни народни одбори избрани се само 2 жени. Во Струмичка околија во општинските Народни одбори нема ни една жена итн. Ако се додаде на сето тоа дека во некои одбори жените се само формални претставници, положбата станува многу лоша. Јасно е дека сето ова не ја поставува како проблем рамноправноста на жените. Таа рамноправност е извојувана во Револуцијата, решена и решавана револуционерно, како никаде во светот. Исто така како што овие бројки не ја поставуваат во прашање рамноправноста на жената, не се ни точна слика за општата политичка свест на нашата жена, која не еднаш се манифестирала и по прашањето на резолуцијата на ИБ, и по прашањето на Трст, провокациите на нашите граници, и учеството на изборите, во работните акции и тн. И ако се поставува овде прашање за нејзиното недоволно учество, тоа е резултат на заостанување зад снажниот размав на социјалистичкиот развиток на нашата земја. Можда за тоа има и објективни разлози, но јасно е едно дека природниот развиток на социјализмот кај нас неможе да врви без и покрај жената. Какви и да се причините овие бројки претставуваат пред нас еден сериозен проблем.

Една од обективните причини е и преоптеретеноста на жената во куќата. Нашата изградба врви со големи чекори напред и ја остварува материјалната база која мора да ја олесни положбата на жената. Нашата земја беше урната, на ниско техничко ниво, со слабо развиени производни сили, и таа материјална база неможеше да се оствари за неколку години. Објективни причини се и нашите материјални односи на село и тн. Меѓутоа, како основно си останува заостанатоста на жената без обзир дали затоа има обективни причини. Ова прашање на нејзината заостанатост ние мораме да го подвлечеме остро, ако нејќеме да го поставиме учеството на жените во управувањето по секоја цена, што во крајна линија значи формално преставништво. Исто така има и една друга причина а тоа е заостатокот во свеста на луѓето, кој се изразува во подценувањето на жената, во тоа дека таа не е за политика, нема способности, дека нејзиното место е во куќата и тн. И едното и другото содржат во себе исти опасности. За ваквата положба има и субективни причини: недоволна активност на свесниот дел од жените по прашањето на секидневната активизација на жените, земање на рамноправноста како готово и решено прашање кое треба да се симне од дневниот ред, занесување со тоа дека политичката активизација на жените може да се спроведе насекаде низ Народниот фронт, дека е тој единствен одговорен за тоа итн. Има значи и обективни и субективни причини.

Денеска е јасно дека неможе да се замисли нашиот развиток без активното учество на жените. Ние денеска неможеме да говориме за развиток на нашата социјалистичка демократија, за иницијатива на широки народни маси за управување со претпријатијата, ако не го поставиме сериозно и учеството на жените на сите овие полиња. Ако ова прашање станува општествен проблем, тогаш сме прво ние, како жени должни да го поставиме пред нас со целата негова сериозност и да се бориме за неговото извршување.

Сега се наоѓаме пред избори кои мораме да ги искористиме правилно. Како прво ни се поставува активизирањето на жените во изборите. Ние овие избори треба да ги искористиме и за јакнењето на политичката свест и натамошната политичка активизација на жените. Без таа секидневна и систематска активизација ние не ќе можеме да ја постигнеме целта, затоа што само со секидневно активно учество во политичкиот живот, со секидневно и систематско освојување на позициите на активен социјалистички граѓанин, можеме да рачунаме на нејзиното право растење и заземање на она место кое и' припаѓа. Натаму, ако сакаме да ја исполниме задачата за издигање на жената до свестен и активен социјалистички граѓанин, ние мораме да се бориме за издигање на нејзината свест таа да ги користи правата кои ги има денеска, упорно да се бори за нејзиното културно издигање, за нејзиното превоспитување и против сите оние заостатоци во свеста кои ја влечат назад. Значи да не се поставува само нејзиното бројчано учество во Одборите на Народната власт, но активно учество во сите форми во работата на Народната власт (со-

ЕДАЈЕТ РАМАДАН — КАНДИДАТ ЗА НАРОДНИ ОДБОРНИК

Меѓу мнозина кандидати за народни одборници во Штип, предложени и примени од соборите на бирачите, се наоѓаат и имињата на 14 жени-кои со својата досегашна работа си го спечелиле доверието на народот и покажале дека се достојни да го носат името народен одборник.

Тука е името на Ратка Везенкова, председателот на секцијата на АФЖ за градот и околијата, потоа на Ратка Балваниска-лекар, активен работник на здравственото поле и активист на АФЖ; Сика Самарциска и Мика Ангелова-шивачка работничка, на Галаба Лазарова, на старата Велика Никчева позната по своето активно учество во НОБ во Кавадарска околија и денеска како еден од најактивните членови на Партијата.

Меѓу нив е и името на Едајет Рамадан-младата учителка од основното училиште „Гоце Делчев".

За народен одборник е кандидирана од бирачите во четвртата изборна единица.

А Едајет има само 23 години. Може би е уште млада и неискусна за да одговори на крупните задачи што и' претстојат ако биде избрана за народен одборник?

Годините, возраста — тоа ли е мерката за одаността, за љубовта кон работата и земјата, за активното учество на масите и поединците во создавањето на новото кај нас?

Не!

Безбројни се примерите како во текот на војната така и повоената изградба на земјата младите и неискусни, но пожртвувани и одани кон делото на социјализмот, да го тласкаат нашиот развиток напред и најчесто да бидат во предните редови од борбата било на кое поле.

И Едајет Рамадан е една од тие која седум години подред скромно, но со сите сили и пожртвувано, борејќи се со тешкотиите, работела на просветното издигање на турските национални маси од градот и околијата.

Веднаш по ослободувањето 1945 година, во својата шеснаеста година, Едајет станува учителка во село Бучим, а подоцна во Селце, Охрид и Штип. Млада, неискусна, само со два разреда гимназија таа уште во почетокот од работата се судрува со тешкотии. Пред неа во училиштето се педесетина деца кои чекаат да им го укаже патот кон науката, да ги поведе во живот, а надвор од училиштето нивните родители, постари браќа и сестри да им ги отвори очите, да ги одделе од незнаењето, неписменоста и мракот.

Напоредно со извршувањето на тие задачи таа и самата учи. И каков е резултатот? — Денеска Едајет има диплома за завршен четворогодишен учителски курс со многу добар успех.

Едајет Рамадан никогаш не била забулена. Напредна во своите сфаќања, таа дошла во сукоб дури и со своите најблиски. Но и тоа не ја расколебало, не и' го попречило патот по кој тргнала. Желбата да биде слободен граѓанин, сознанието дека оваа земја и власт тоа и' го гарантираат таа ги кине оковите кои ја стегаат-врската со мажот кој нема никакви разбирања за нејзините желби и животни тежненија. И после сето тоа таа денеска се осеќа слободна и ведра меѓу своите четириесет деца.

Каков е досегашниот работен биланс на оваа млада Турчинка? — Каков е нејзиниот придонес за нашата заедница? — Кои се причините за нејзиното кандидирање за народен одборник?

Накратко — седум завршени генерации најмали наши социјалистички граѓани, воспитувани да ја сакаат својата земја, да го сакаат човекот без обзир на неговата национална припадност; безброј описменети жени, деца и старци преку аналфабетските курсеви раководени од Едајет; активна политичко-просветна и културна работа меѓу жените од Турското малцинство и т. н. и т. н.

Тоа се причините што Едајет Рамадан, младиот член на Сојузот на Комунистите на Југославија е сакана од народот, го ужива неговото доверие и е кандидирана од бирачите за народен одборник.

(Продолжение од 10 стр.)

бори на бирачи, совети, и т. н.) и тоа нејзино бројчано учество треба да биде резултат на нејзина општа политичка активизација. Можда не помала борба ни престои по прашањето на потценувањето на жените и сфаќањето дека тоа е неспособна да одговори на задачите што ги поставува нашиот народ? Тука треба општа борба, борба за оформување на такво општествено мислење, кое секој таков обид ќе го оцени како нешто назадно, реакционерно, или злочин во однос на нашата социјалистичка изградба. Таа задача не е само на жените ами стои и пред организацијата Сојузот на комунистите на Југославија, но и покрај тоа таа стои прво пред нас самите, а за нејзиното извршување најголем товар паѓа на најсвесниот дел од жените без обзир каде се наоѓаат на работа.

Л. М.

За некои резултати од соборите на бирачи

Соборите на бирачи се одржани веќе на секаде. Подполните резултати уште не се знаат. Од она што се знае, може да се претпоставува дека и овие избори нема многу да го изменат процентот на жените во Народните Одбори. Сега положбата неможе да се измени. Тие цифри се резултат сигурно и на недоволната политичка активизација на нашите секции на теренот. Ова прашање сега се поставува само во врска со искуството кое треба да се извлече. Некои примеи (случај со Прилепска околија) забринуваат и говорат дека треба добро да ја проанализираме нашата досегашна политичка работа со жените. Доста се карактеристични податоците од Скопје. Спрема тие податоци кои се односат само за 25 изборни единици се добива следната слика: За тие изборни единици треба да се бираат 37 одборника. На соборите на бирачи предложено е 125 кандидата, од кои се 13 жени или 1,04%. Од 25 изборни единици во 13 нема кандидирано ни една жена. Можда тука има пропусти, но сето ова говори дека е потребно многу по широка политичка работа кај жените и дека таа задача и натаму и' припаѓа на нашата организација.

На соборот на бирачи во село Трон, бивша Свети Николска околија, кандидационата комисија ги отфрли предложените другарки од бирачите, а место нив предложи нови луѓе. Но, бирачите ја показаа својата тврда решеност да ги кандидираат оние за кои тие мислат дека се најарни, ја отфрлија таа листа и избраа друга кандидациона комисија која се сложи со предложените другарки од бирачите за кандидати за народни одборници.

9 години изградба

Со рудниците и фабриките,



Заводите...



управуваат непосредните производители

Власта е во рацете на народот. И жените имаат право да бираат и да бидат бирани



Од партизанс

(ОДЛО

Салата е полна со делегати Хрвати, Срби, Словенци, Црногорци, Македонци. Тука има луѓе од сите краитша на Југославија, од сите политички странки, од сите занимања, тука има и жени делегати (прв пат во нашата историја). Сите тие се опфатени со една мисла: Да го ослободат својот народ од непријателите и предавниците, и да ја изградат земјата на темелите на правдата и демократијата, никогаш веќе да не ја урне нити разедини никаква сила.

Вечерва ќе заседава парламент, каков уште не заседавал. Земјата ни ја окупира туѓинец, што распалуваше кавга и омраза за да нé уништи полесно. Владата побегна и нé предаде. Државата е урната и прегазена. Од нејзините урнатини се дигна народот, изгради војска, која ослободуваше парче по парче земја. Само на херојството на таа војска и на мудрото раководство на Комунистичката партија имаме да им заблагодариме, што седиме денеска во оваа убава сала и заседаваме.

Додека во Загреб туѓинскиот слуга Павелиќ тврди дека говори од името на хрватскиот народ, додека во Белград српскиот квислинг Недиќ тврди дека говори од името на Србите, во Каиро бившата влада тврди дека говори од името на Југославија, а во исто време на територијата на нашата држава 15—20 дивизии(кои ги помагаа четниците. Павелиќевата, Недиќевата и бугарската војска) вршат зулуми над нашиот народ, во Јајце пристигаат делегати од сите страни, кои едини ќе проговорат од името на народите на Југославија. Пристигнаа и во тоа не ги спречи ни војската на предавниците, ни дивизиите на окупаторот, ни тешкиот пат и напор а сé со желба да ги изнесат за првпат во нашата историја вистинските желби на своите народи и да ја извршат нивната волја.

Со такви мисли го очекуваме пристигањето на другарот Тито и претседателот Рибар. Точно во пет часот влегуваат тие во салата. Сите радосно со аплауз и извици го поздравуваат другарот Тито и претседателот на АВНОЈ. Салата одекуваше: Тито, Тито, Тито... Аплаузот стивна за момент, за да пламне одново, бидејќи сите би сакале да ја искажат својата радост што посилно и што повеќе. Тито, Тито, Тито, — ечи од сите страни. „Тито“ извикува сечие ...вара другарот Рибар. На... бидејќи за кусо време, ... ва мирно и сигурно, па как... ја изнесува работата за м...

Целата сала го очеку... рот Тито. Бурно поздравен... јот на ослободителната бор... денеска и вели:

Нашата народно-ослобо... се подели во четири ет... ток и тоа:

Прво, капитулација ... на народното востание, к... би облици на формирањ... зански одреди за борба ...

Второ, прерастување ... ди во регуларни воени ед... и дивизии и создавање ... на војска на Југославија,

Трето, прераснување ... ните одбори во востинска ... ње на Антифашистичко ... бодување на Југославија ...

Четврто, на етапа на ... тоа е — претворање на Ант... народното ослободување ... партиско тело во највисок... создавање на Национален ... њето на Југославија, как... власт....

Другарот Тито го сви... потоа салата одекнува... Рацете аплаудираа и од ... Тито, за човекот, кој им ... народи на Југославија, за ... мите успеси, за новата сре... гославија за каква сонуваа... зини угнетени народи.

Тито, олицетворение ... ...ља на народот, ни го ... ... во срцата на сите нас: ...

на нашата држава



Создадената широка мрежа на школи е услов за подигањето општото просветно ниво на масите

За прв пат рамноправна одбуленатa Турчинка е вклучена во производството

скиот дневник

(ОМОК)

рце. Заседанието го от-
проти големата жалост,
згуби два сина, настапу-
ако претседател на АВНОЈ
минатата година.

кува рефератот од друга-
ен го изнесува тој разво-
борба од првите денови до

ободителна борба може да
на нејзиниот разви-

Југославија и почеток
е во својот зародиш до-
на многубројни парти-
ротив окупаторот.

на партизанските одре-
ници, баталјони, бригади
на Народно-ослободител-

на народно-ослободител-
народна власт и создава-
веќе на народното осло-
и

која се наоѓаме сега, а
нтифашистичкото веќе на
Југославија од општо-
соко законодавно тело и
ен комитет на ослободува-
како привремена народна

рши својот говор а долго
ше од аплаузи и извици,
д срце се изѕвикуваше за
м говореше на измачените
з тешките борби и голе-
рќна иднина во таква Ју-
ка две децении сите нај-

а народната мисла и во-
ече она, што е запишано
ародот ја зема сам сво-

јата судбина во свои раце и отсега ќе решава сам за неа.

Мило ми е и среќна сум што нашата мала и толку измачена земја ја доживеа таа чест да ја отвори вратата на новиот настан. По дискусијата, врз основа на декларацијата на АВНОЈ, се донесени историски решенија, кои ќе решаваат со нашата судбина можеби со векови за понатаму. Сите ја чувствуваат свеченоста на моментот, а делегатите стоејќи ги слушаат решенијата и секое го поздравуваат со долготраен аплауз. Секоје од нив е камен темелец на идната Југославија.

ПРВО РЕШЕНИЕ

Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија се прогласува за врховно законодавно и извршно тело на народите на Југославија. Националниот комитет на ослободувањето на Југославија станува орган со сите обележја на народната волја преку кој Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија ќе ги оствари своите функции.

ВТОРО РЕШЕНИЕ

На предавничката, југословенска, бегалска влада, и' се одземаат сите права на законита влада на Југославија, а особено да ги претставува народите на Југославија било каде и било пред кого.

На крал Петар II Карађорђевиќ му се забранува враќање со тоа што прашањето за кралот и монархијата ќе го реши самиот народ по ослободувањето на целата земја со сопствена волја.

ТРЕТО РЕШЕНИЕ

Југославија ќе се изгради на федерални начела.

Вечерта седевме во пространата, убава сала и со нетрпение ја очекувавме приредбата на „партизанскиот театар". Се што видовме и чувме беше така добро и убаво да заборавивме дека живееме во војна и борба.

Уметноста за народот

Богат народен фолклор

Воспитувањето на децата — грижа на општеството



Пишува:

Деса МИЉОВСКА

Во последно време низ нашиот печат, како и во разни организации и здруженија сé повеќе се зборува за воспитувањето на децата како општествен проблем. Сé повеќе станува јасно дека воспитувањето на младата генерација е работа на сето општество, затоа што ниедна организација сама за себе не може да ја исцрпи проблематиката што ја носи во себе воспитувањето на најмладите. Тоа не може да го направи сама ниту пионерската организација, како што беше поставено до 1950 год., ниту советите на пионерите кои се организираа истата година. Затоа овој проблем беше поставен како централен на последната конференција на Советот на сојузот на пионерите од нашата Република, кога досегашниот Совет прерасна во Совет на друштвата за воспитување и грижа за децата.

Новото социјалистичко општество што се изградува во нашата земја, бара и нов човек не вкалапен, ами широк и разновиден во своите знаења, таков човек кој утре ќе го качи на повисоки скали развитокот на социјализмот во нашата земја.

Школите, низ кои минаваат сите деца и покрај огромните успеси што ги постигнуваат не се доволни за сестран развиток на нашата најмлада генерација. Школата врши големо воспитно дејство на децата, меѓутоа таа не е единствен важен фактор. Голем дел од времето децата го поминуваат надвор од школото, пред се на улицата каде што се сосредоточуваат најразновидни влијанија, а кои имаат голем удел во изградувањето на детската личност. И токму тој факт не тера да организираме таков детски живот надвор од школото преку кој ќе ги парализираме сите штетни влијанија од улицата, и ќе обезбедиме организиран, поразновиден, повесел и поправилен развиток на нашите деца. За ова најмногу ќе придонесе формирањето на нови детски организации како и омасовувањето на подмладоците на „Партизан", Народна техника, Стрелачки сојуз, Планинарски сојуз и др.

Но, ова прашање има и своја друга страна. Проблемите за правилното одгледување на младото поколение се пошироки, го зафаќаат прашањето на грижа за правилна колективна наставно-воспитна работа во школите, за правилно функционирање и отварање на нови јасли, градини, забавишта, детски игралишта, детски библиотеки, куклени и детски театри итн. За сето ова не може да се грижи само една установа или една организација. Треба сите наши организации, сообразно со својата програма, да ја помогнат дејноста на една од изброените форми и установи, да помогнат да се обезбедат минимални услови за разновиден но весел и содржаен живот на нашите најмлади. Низ игра, забава и други спортски и општествени активности, да растат и да се развиваат младите градители и социјалистички борци.

Ниедно општество не се однесува рамнодушно кон прашањето како се гради подмладокот. Најмалку тоа може да се бара од социјалистичкото општество. Нашата Партија денеска води битка на сите сектори, по сите линии да изгради луѓе што знаат како да се борат за изградбата на социјализмот и социјалитсичките односи. Ние сакаме секој наш човек свесно да се вклучува во таа борба и до колку таа свест ќе биде повисока дотолку резултатите ќе бидат поголеми: побрзо, со помалку лутања и грешки ќе создадеме база за нашиот социјализам, за социјалистичките односи и високата социјалистичка свест. Ете зашто мораме да ги организираме сите наши сили за исполнување на задачата-воспитување на најмалите. Секое оставање нивниот развиток да оди спонтано, значи, препуштање на најразновидни влијанија што одударат од нашиот социјалистички идеал или му се директно спротивни-непријателски.

За да ги покренеме и организираме сите наши луѓе на оваа светла задача потребно е секидневно, кај сите наши организации, кај сите луѓе да развиваме свест и чувство на одговорност за правилното одгледување на децата. Таа свест и големата одговорност што ја бара заедницата од сите нас треба пред се да се развие кај секоја членка на нашата организација АФЖ, потоа пред фронтот и другите општествени организации, и да се прошири кај сите луѓе од нашата земја.

Многу наши женски организации што се оформуваат на теренот имаат предвидено во својата програма грижа за поедини детски установи (јасли, забавишта, игралишта и друго). Таа грижа треба да се пренесе и на други луѓе: на членови на фронтот, синдикатите, младината итн. Жените, токму заради тоа што им е оваа проблематика најблиска треба да станат носители на таа свест што треба да се развие кај секој наш човек-во врска со проблемите за здравјето и воспитувањето на децата, правилната забава и игра итн.

Во една ваква статија не можат да се исцрпат сите форми низ кои жените заедно со сите други граѓани на нашата Република би можеле да придонесат за проширување на грижите за децата. Така, на пример, во рамките на друштвото „Пријатели на децата" или некои други можат со доброволна работа и извесна помош од одборите или други установи и организации да се изградат терени за зимски спортови (лизгање, смучање и др. таму каде што има терен за истото). Или, на пример, жените можат да бидат иницијатори за формирање на друштво што ќе се грижи за запуштените деца а во тоа друштво да ги заактивизираат и некои педагози, лекари и др. По-

натаму да формираат друштво за грижи и помош на интернатите, или на децата под старателство. Проблемот за претшколско воспитување на децата може и мора да биде проблем со кој ќе се бават поедини женски или други организации. Добра е праксата на многу наши организации со отворањето на шивачки и други курсеви. Со нив треба да се продолжи-ја тие освен другите резултати го имаат и следниот што многу мајки, или девојки што ќе станат мајки, здобиваат знаења кои во многу придонесуваат за правилно, хигиенско одгледување на децата итн. Многу важна задача е активизацијата на жената од село по овие или други прашања. Би можеле да го сметаме за голем успех ако ангажираме извесен број жени на село, учителот и други селани околу отворањето на школски кујни каде ќе можат децата да добијат топла и хигиенски приготвена храна. Ваквите кујни би придонесле за развивање на некои основни хигиенски навики. Понатаму, како и во градот, грижата за формирање и работа на детски игралишта, формирање детски оркестар при школите може да влезе во програм на поедини организации за грижа и воспитување на децата од селото, кај што жените би земале најактивно учество.

Досега, речиси, сите овие проблеми беа составен дел од работата на државните органи, министерствата, сојузите и други. Меѓутоа, со процесот на поголемото продлабочување на социјалистичка демократија кај нас, со сé поголемото оставање на непосредните производители да решаваат за најважните работи, проблемите од областа на воспитувањето и грижата за децата се оние кои најпрво ги преминаа сегашните рамки аа се поставија пред сите граѓани барајќи поактивно учество во нивното правилно разрешување. Од друга страна, овие проблеми им се блиски на нашите луѓе, тие ги прифаќаат со радост и даваат драгоцени прилози за нивното правилно разрешување. Одборниците во нашите одбори почнаа сериозно да се однесуваат кон овие прашања и даваат такви предлози што одат кон уште побрзо и поправилно разрешување на прашањата од областа на школството, детската заштита итн.

Разни женски организации на теренот и понатака треба да продолжат со праксата: одржување предавања од областа на воспитувањето на детето.

Основна цел што треба да ја постигнат сите овие друштва е таа секоја наша жена, односно секоја граѓанка на нашата социјалистичка земја да сфати дека грижата за воспитувањето и заштитата на децата и младината е прашање на нашата иднина.

ДА ГИ ЗНАЕМЕ СВОИТЕ ПРАВА

УРЕДБА

За изменувањата и дополнувањата на уредбата за заштита на трудните жени и мајките-доилки во работен (службенички) однос.

Чл. 1.

Членот 4 од Уредбата за заштита на трудните жени и мајките доилки во работен (службенички) однос (службен лист бр. 88/49) се менува и гласи:

„Мајките-доилки во работен однос имаат право на скратено работно време кое трае редовно четири часа дневно.

По исклучок, на работите за кои поради одделни услови на работата е определено со посебни прописи редовно работно време пократко од 6 часа, скратеното работно време за мајките доилки трае три часа дневно.

Право на работа со скратено работно време имаат мајките-доилки за период од 6 месеци по породувањето, а врз основа на мнение од надлежниот орган на здравствената служба, најдалеку до крајот на 8-от месец по породувањето.

Работата со скратено работно време во смисла на претходните ставови се врши, по правило, непрекинато во текот на работниот ден, а со прекидисамо во случај кога се наоѓа детето во јасли при претпријатието или во стан во непосредна близина до местото каде работи.“

Член 2.

Членот 5-ти од уредбата се менува и гласи:

„Мајките-доилки додека работат со скратено работно време имаат право, покрај заработката, односно делот од платата кој им припаѓа за времето проведено на работа, и на надокнада за изгубената заработка односно дел од платата за времето проведено вон работа.

Скратеното работно време од 4 часа дневно се смета како половина од полното редовно работно време, освен на работите за кои поради одделните услови на работа е определено со посебни прописи редовно работно време пократко од 8 часа.

На мајките-доилки кои се на работа кај стопанските организации им припаѓа надокнада во износ кој се добива кога тарифниот став на работното место на кое работи мајката-доилка ќе се помножи со бројот на часовите проведени вон работа поради доење на детето во смисла на член 1 од оваа уредба. На мајките-доилки кои се на работа при други организациони единици и работодаватели им припаѓа надокнада во висина на неостварениот дел од платата.

Оваа надокнада ја исплатува, заедно со заработката односно платата, стопанското претпријатие, органот, установата или општествената организација при кое е на работа мајката-доилка, со пресметувањето на извршените исплати на терет на фондот за социјално осигурување. На мајките-доилки кои се на работа кај приватните работодатели оваа надокнада им ја исплатува заводот за социјално осигурување на околијата (градот).“

Сите други права со кои работниот однос е основ или услов ги задржува мајката-доилка за сето време додека работи со скратено работно време.

Добрица Ќосиќ: Далеку е сонцето

Оваа ноќ во одредот никој не спие спокојно. Сонот го мачеа и го колеа секакви наслутувања, сомненија и стравови.

Единствено командирот Вук не спие поради нешто друго. После толку време, тој доби пред десетина дена, преку врската, писмо од својата жена. Со крупен кривуличав ракопис, од чии реченици испаѓаа не само буквите, туку и зборовите, на откинат лист од ученичка тетратка таа пишуваше:

„Драги мој Милошу. Врската ја нема никако да дојде, а јас ти пишувам секоја вечер, па сите писма ги оставам во конспирација. Наутро ќе ги оставам, а навечер пак ќе ги земам, па ги читам. Овие дражовци се зајале па 'ржат, би ме изеле кога би можеле. Кога ги сретнам, јас се смејам за инат, за да не мислат колачиштата дека ми е стра! Нека знаат дека е Бранка твоја. Пред Чеда не смеам да те спомнам уште е неразбран пак ќе се избрбори кај комшиите и пред децата. Вчера ме праша: „А зашто, мамо, мене ме викаат партизанче? Расте и секој ден ме прашува по нешто. Јас го лажам, а тој, дете е, ама секава сé. Да го видиш само колкав пораснал. Ќе биде висок на тебе. Кога ќе се налути, молска со очињата, како тебе. Крвта му е лута како твојата. И малото прсте на ногата му е криво како твоето. Да не е тој, не би можела да живеам. Го гледам, и сé си мислам: ваков си бил ти кога си бил мал. Тогаш го бацувам и го скокоткам додека не зајде.

Нешто си мислам вечерва што имавме јас и ти, Милош, од животов и во што ни помина младоста. Уште од петнаесеттата тргнав по надница. Снагата ја трошев по Милетиќските лозја и нивје, меѓу копачите секогаш бев прва. На Левчаните ќе им ги исечев петите кога копавме на **банак.** Имав за два динари поголема надница и ќе ме одведеа понекогаш со нивната кола на собор. Пак кога се зедовме јас и ти, ти пред Младенци отиде на стругара, изгорела дабогда. Туку ќе дојдеш во сабота навечер, за да се пресоблечеш, ќе поседиш до недела наутро и ќе си одиш. Бев желна со тебе слатко да се изназборам. Па потоа војска, па војна, па партизани, и кога ќе собереш сé ние, Милош, ништо не сме живееле, ништо богами . . .“

* * *

Во лом од предмети, оружје и лешеви, седеше жена потпрена до ѕид, како замислена. Крвав млаз и' извираше од челото, се спушташе меѓу веѓите, минуваше покрај носот и малку отворените усни и наѕираше во градите. Ја стрелаа в чело. Вук се залула, се стресе и зачекори поблизу, одвај држејќи се на нозе.

— Бранка . . . прошепоти тој и остана неподвижен и нем.

Ѓурѓе стоеше зад него и потресено гледаше во убавото бело лице расечено со црвениот млаз. Знаеше дека е тоа Вуковата жена.

Обајцата молчеа скочанети. Под светлината на ламбата која трепереше во Вуковата рака, се преливаше црна коса под бела крпа и на лицето светкаше млаз од крв, спуштајќи се на парче од белото грло . . .

— . . . Ја отепале, зверовите! — прошепоте Ѓурѓе.

Вук долго стоеше без да мрдне. Очите и лицето ќе му се гледаа во сенката. Раката што ја држеше ламбата сé повеќе се тресеше. Се наведна и со несигурен покрет на раката го измазни перчето на косата што ѕиркаше под крпата. Од неговиот допир главата и' се сврте малку како да ги крие очите. Тој се тргна од студениот допир на нејзиното чело. Нешто суво како купче сено му се качуваше низ грлото и му застануваше во јаболчницата. Сé повеќе не му достигаше воздух, дишеше сé побрзо, горејќи во огин.

Од другата соба се слушна плачење на деца и придушен глас на жена.

— Еј, кој е таму? Домаќине, излези! — викна Ѓурѓе и тргна кон вратата од другата соба.

Кога ја отвори, жената запиште, а со неа и децата.

— Има ли таму четници?

— Нема . . . Сама сум убите ме и мене, само децата не ги закачајте!-се распиште жената.

— Излези слободно. Ние сме партизани, ништо нема да ти сториме.

Жената се колебаше, тажејќи од под кревет. Ѓурѓе одвај ја извлече. Вук и' пријде и го осветли со ламбата лицето избезумено од страв.

— Ѓурѓе оди надвор, и собери ја четата! — рече строго Вук. Кога излезе Ѓурѓе, тој и' се обрна на жената?

Жената ја погледа Бранка.

— Еј, ја убиле, црната кукавица. Тоа е жена на еден партизански командант. Им избега еднаш, и пак ја фатија. Постојано ја заплашуваа дека ќе ја заколат.

— Кај спиеше?

Тука, кај мене, заплашуваа дека и мене ќе ме заколат ако избега.

— Ја мачеа ли?

— Неколку пати ја тепаше мајорот . . . Не му се даде сиротата.

Вук малаксано седна на клупата. Поседе малку, се штрекна, бргу се рашета по собата, пријде и го зеде нараце млитавото, тешко тело на мртвата жена и излезе надвор.

Зората веќе го забели небото. Пукањето престана. Вревејќи, по сокакот доаѓаше колона на чело со Павле. Собрани околу Англичанецот и другите заробеници, вревеа партизаните од Ѓурѓевиот вод.

Покрај нив помина Вук носејќи ја мртвата жена. Вревата тивна. Тој излезе на улица и се сретна со Павлета. Застанаа обајцата. Застана и колоната. Павле и Вук се погледаа малку и Вук сврте во бавчата преку патот. Партизаните онемени гледаа по него и долго стоеја неподвижни.

Вук ја носеше Бранка за да ја закопа што подалеку од куќата во која беше убиена. Преку неговото рамо се клатеше нејзината мртва рака. По лицето го скокоткаше и го жежеше нејзината коса. Се нуркаше, се занесуваше и здиваше, стегајќи ја се повеќе и носејќи ја преку бавчите и воќњакот, сé додека не го напушти снагата и додека заедно со неа не падна пред јаболката. Долго лежеше, не пуштајќи ја од раце, допирајќи го лицето на нејзиниот студен образ.

Кога стивна очајот, од мртвото и студеното тело го полазија морници. Ја пушти, ги извлече рацете и преплашено стана.

Полека, како да се поткрадува, му пријде Павле. Вук го сети и суво зајачка:

— Оди си! Остај ме сам!

Павле застана зад него.

Вук стоеше потпрен на јаболката, и кога се прибра мрдна неколку чекори кон првата куќа.

— Чекај, јас-разбра Павле и отрча во куќата по лопата и мотика.

Павле се врати брзо со уште двајца партизани. Вук им рече да си одат, го повтори тоа уште еднаш, и кога си отидоа, почна сам брзо да копа дупка. Кога ја ископа длабока до појас, ја зеде Бранка на раце и полека ја спушти. А тогаш седна до дупката и се загледа во Бранка. Лицето имаше тврда, бледа смтрна белина. Веѓите како да се подигнале малку од чудење . . . Крајот од усните, што го додирнуваше млазот од крвта, се подигнал и се згрчил во сожалива насмевка. Вук и' ја тргна косата од челото и посака да и' ги подигне клепките и да и' ги види очите. Немаше сили за тоа. Стана и полека почна да загрнува земја околу неа, внимавајќи да не падне некоја грутка на неа. На лицето не можеше да нагрне земја. Долго стоеше; тогаш почна да рони меѓу прстите ситни грутчиња и полека да и' го засипува лицето. Кога и' го покри лицето со зрнеста влажна земја, стана и брзо нафрла земја.

ВПЕЧАТОЦИ ОД КОНГРЕСОТ

(Продолжение од 2 стр.)

боиштa на социјалистичка изградба во нашата земја, се гледаат тука по толку години разделба, разговараат живо, пријателски, се спомнуваат за заедничките преживелици, изменуваат искуства од работата во повоениот период — и сето тоа со толку страст и љубов кон општото дело. Тука се и жени делегатки, на кои партиските организации од нашите градишта и села им ја укажаа таа чест да ги застапуваат желбите на југословенските комунисти, цврсто решени да продолжат по патот оцртан од Централниот комитет и другарот Тито. Тука се и познатите наши партиски и државни функционери — жени: Вида Томшич, Цана Бабовиќ, Митра Митровиќ, Вера Ацева, Анка Берус и многу други. Меѓу гостите се и стариците Булина Барух, која загуби во војната две ќерки и тројца синови и Милица Букумировиќ забрадена во црно за син и две ќерки.

Никако не можам да го заборавам првиот ден на Конгресот. 10.30 часот. За некоја секунда ќе отпочнеме со работа. Шумот од разговорите на делегатите при првите средби одеднаш тивна. Уште некоја секунда ќе влезе другарот Тито. Напнато ишчекување. Одеднаш, низ салата се разнесе експлозивен аплауз и извици за генералниот секретар на КПЈ, за Тито!. „Херој Тито!“ „Тито—Партија“! „Ние сме Титови—Тито е наш!“ Тоа беа зборови што нестивнато се носеа од нашите грла. Тоа беа поздрави и изрази на благодарност од сите наши народи за деноноштиот труд и грижата околу нас и нашите среќни деца. Извиците за Тито траеја долго. Тој на неколку пати се обидуваше да ги смири овациите, но попусто. Тоа беа изливи од дното на душата, изливи на искрени чувства, човечни чувства спрема најголемиот син на нашите народи . . .

Така започна Шестиот конгрес. И до крајот тој беше едно сведочанство за нескршливото единство на југословенските комунисти и воопшто — сите наши народи. Историското значење на овој Конгрес не се исцрпува со редење на неколку негови решенија. Тоа е многустрано и ги зафаќа проблемите од целокупниот наш политички, стопански и културен живот. Рефератите на другарот Тито и Ранковиќ, како и говорите на низа дискутанти, го потцртаа досегашниот развиток на социјалистичка Југославија во сестраниот растеж на социјалистичката демократија, обрнувајќи посебно внимание на фактот што тоа демократија се развива во условите кога работниците управуваат со претпријатијата. Во таа смисла таа ќе се продлабочува и натаму како основен предуслов за развивање и одгледување на социјалистички односи во општеството. На Конгресот му се даде големо значење на местото на нашата жена во општествениот живот, за што говореа, како другарите Тито и Ранковиќ, така и низа делегати и делегатки во дискусијата по рефератите. Жената на Југославија, како и во војната, така и во битката за социјализам достојно го исполнува својот дел од задачите и таа со гордост можеше да излезе пред Конгресот и да го прими неговото заслужено признание.

ОД АКТИВНОСТА НА НАШИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Културно-просветна работа во Т. Велес

Во Титов Велес е организирано културно - просветно-друштво со 1000 членки. Друштвото има за задача во прв ред да работи на културно-просветно издигање на жената.

Од формирањето, друштвото има организирано 3 домаќинско-просветни курса во градот и 6 во околијата. Од тие завршија со работа 3. Покрај горните се наоѓат во тек на формирање уште 4 такви курса во околијата. Овие домаќинско-просветни курсеви не се ограничуваа само на шиење и готвење туку се проследени со педагошки, здравствени предавања. Покрај овие курсеви како добра форма за работа се покажува групното водење на членките во кино, театар и излети. Посетите во кино и театар се проследени со предходно објаснување. За културно издигање на жените, организиран е излет во Охрид, каде што тие се запознаа со културно-историските паметници. Организирани се исто така посети на свиларскиот, порцуланскиот комбинат, музејот Кочо Рацин и др. По иницијатива на друштвото се организира и домаќинско училиште со 90 ученички.

Друштво „Просветена жена“ во I реон - Скопје

При секцијата на АФЖ од I реон во Скопје во текот на оваа година беше формиран актив од неколку учители и педагози. Задача на овој актив беше да го разгледа прашањето како да се пристапи кон воспитувањето на жената како домаќинка и мајка. Освен тоа беше формиран и здравствен актив кој имаше за цел да работи на здравственото просветување на жената. Активите направија план за работа, а по блоковите работеа семинари. На овој начин беа опфатени и жени кои дотогаш не се интересуваа за работата на АФЖ.

Покрај тоа беа формирани и повеќе курсеви по шиење. Овие курсеви се користеа и за одржување предавања од педагошки карактер и од областа на здравственото просветување на жената. На тие курсеви држани се предавања и по политички теми.

Како резултат на оваа разновидна дејност на секцијата, формирано е друштвото „Просветена жена“ и направен план за предавања и семинари. Важна задача на ова друштво, покрај просветното и здравствено издигање ќе му биде и политичката работа со жените.

Седенките -- главна форма за работа со жените во Штип

Во Штип е формирано културно-просветно друштво кое ќе работи на културно-просветното издигање на жените. Во оквирот на друштвото работат четири секции: драмска, фолклорна, рецитаторска и хорска.

На иницијатива на културно-просветното друштво и со помош на организацијата АФЖ беше организиран домаќинско-просветен курс. Курсот го посетуваа четириесет жени и го завршија со добри резултати.

За работа со селските жени членките од АФЖ од Штип ги практикуваат седенките. На седенките се одржува кратко предавање, се прочитува некој расказ или одломак од некоја популарна брошура, а потоа пионери изведуваат кратка програма. На седенките се сервира и мала ужина за чие приготвување сите членки даваат известен влог. Оваа форма се покажа практична за работа со селските жени, а особено со жените од малцинствата.

ДРУШТВО ЗА ЗАШТИТА НА МАЈКАТА И ДЕЦАТА ВО КИЧЕВО

Во Кичево е оформено друштво за заштита на мајката и децата. Задача на тоа друштво е да води грижа за училишните млечни кујни во градот, да води котрола и дава помош на детското игралиште кое е организирано во текот на оваа година по иницијатива на секцијата на АФЖ. Исто така задача на ова друштво е просветување и педагошко издигање на мајката.

Дали треба да постојат Одборите на АФЖ на село?

И покрај тоа што нашата организација го најде правиот пат за работа во градот, во селото се лута и понатаму. За тоа доста потпомогна расформирањето на одборите на АФЖ по селата и препуштањето на целата работа на основните фронтовски организации. Секциите на АФЖ не можеа да си најдат содржина во работата, а основните фронтовски организации немаа сила да ја преземат дотогашната работа на одборите на АФЖ. Сета оваа досегашна положба на село, а и тоа дека жените нерадо се одзиваат и приклучуваат во општата работа на фронтовската организација, говори дека треба да се задржат одборите на АФЖ на село. Преку нив всушност треба да се работи на село и под најразновидни форми, кои одговараат на положбата во селото и нивото на жените, да се соберат истите и да се работи за нивното политичко, културно, и просветно издигање и активирање во општествениот живот. На село старите форми на работа не се изживеени и таму најмалку би требало да се поставува прашање на стари и нови форми, ами прашање за кои форми покажуваат жените интерес. Тука можат да се користат и читачки групи, седенки, семинари, аналфабетски курсеви и сé она што може да допринесе за издигањето на жената на село. Јасно е дека на овие одбори ќе треба повремено да им се укажува помош од градот преку членки на друштвата и активиски на АФЖ, кои имаат поголемо искуство во работата.

Значи, како прва задача што се поставува пред нашата организацијат од селото е заживување и заактивизирање селските одбори на АФЖ. Во исто време ќе треба правилно да се користат учителките и помошта која можат да ја дадат друштвата од градот се до оформување на клонови од тие друштва во некои села.

КОРИСНА ИНИЦИЈАТИВА

Минатата година во Штип имаше приличен број незапослени жени. Со решавањето на овој проблем се занимаваа повеќе заинтересирани фактори — органи на Народната власт, партиската и масовните организации. Но, сепак најзаинтересирана беше организацијата на АФЖ. После повеќе разгледувања на ова прашање Извршниот одбор на Градската секција на АФЖ излезе со свој предлог пред Градскиот Народен Одбор — при трговското предпријатие „Брегалница“ да се формира одделение за изработување домашни ракотворби (разни плетени работи) со кое би се ангажирале приличен број жени и со тоа донекаде решило прашањето за запослување на жените од градот.

Така во октомври минатата година дојде до формирањето на одделението „Домашни ракотворби“ при претпријатието „Брегалница“ — расправа Галаба Кикириткова, раководител на одделението.

— Како и секој така и нашиот почеток не беше лесен — продолжува таа. Без искуство за организација и без знаење ние неколку месеци неможевме да отпочнеме со работа. И затоа јас отидов на 15 дена во Скопје во предпријатието „Македонски фолклор“. Тоа ми помогна да се запознаам со нашите македонски бои и шари и да се здобијам макар и со минимално искуство за да отпочнеме со работа. И успеавме.

Преку женското културно-просветно друштво „Вера Ацева“, потоа преку седенки, уште веднаш успеавме да ангажираме 80 жени за работа на кои им дававме материјал — волна за плетење детски костими, женски и машки блузи и пуловери, чорапи, ракавици и друго. Постепено нивниот број се наголемува така што през зимскиот период достига и до тристотини жени. Изработката пак на убави бели женски блузи со народен вез главно е предоставена на триесет и две жени Турчинки.

Производите на одделението „Домашни ракотворби“ се многу барани во градот. Продавницата денеска не може да ги задоволи потребите на градот и околните села. Тоа доаѓа одтаму што ваквите плетени волнени блузи и костими, со својата релативно ниска цена, се покажуваат пристапни и погодни за потрошувачите, бидејќи предпријатието на овие производи зема многу мала печалба. Во перспектива одделението за „Домашни ракотворби“ ќе ја прошири својата дејност, но исто така ќе обрне многу поголемо внимание и на квалитетното изработување на производите.

Со создавањето на ова одделение за домашни ракотворби во Штип не само што е решено прашањето за запослување на жените и наголемувањето заработувачката на приличен број семејства од градот. Предимството од ваков вид на ангажирање со работа на жените е и во тоа што на голем број од нив, кои инаку поради разни причини (деца и друго) не би можеле да работат на други места, им е овозможено да останат во својата куќа през целиот ден и правејќи распоред на домашните работи слободното време да го искористит за плетење, односно заработување.

Осем тоа со жените кои учествуваат во изработувањето на производите за одделението се одржуваат разни предавања и седенки. Преку ова одделение за „Домашни ракотворби“ се заактивизирани и жените Турчинки. Наскоро преку овие жени во градот ќе биде формирано и женско друштво за домаќинство во кое, покрај жените опфатени со работата на одделението „Домашни ракотворби“, ќе се зачленат и многу други. Така оваа иницијатива за формирање на одделение за „Домашни ракотворби“ при трговското претпријатие „Брегалница“ се покажа многу корисна, лесно прифатлива од жените. Таа, од друга страна, придонесе за сестрана политичка и културна активност меѓу жените од градот.

Од една седенка на жените во Штип

ЗАКЛУЧОЦИ

Од VII пленум на АФЖ на Македонија

(Продолжение од 5 стр.)

ски и други курсеви, да се создаваат оддели на друштвата, што се веке оформени во градот итн.

5. Да се поведе борба против разните реакционерни разбирања дека жената не треба веке да работи надвор од до[illegible] се посвети само на одгледувањето на децата и водењето на куќата. Заедно со народните одбори нашата организација ќе треба да помогне на жената — мајка во работен однос околу решувањето на проблемите за одгледувањето и сместувањето на нејзините деца.

6. За да се развива правилно работата на секциите на Антифашистичкиот фронт на жените е потребно да постојат само околиски секции на Антифашистичкиот фронт на жените, што ќе ги проучуваат разните проблеми на жените како во градот така и во околијата и ќе даваат предлози до Околискиот народен одбор, Околискиот народен фронт и др., за преземање заеднички мерки во решувањето на проблемите, што ке се постават. Овие секции ке помагаат во развивањето работат на друштвата и во зацврстувањето на одборите на Антифашистичкиот фронт на жените на село. Во нив треба да влезат најактивните другарки од околијата.

ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА ВО ПЕРИОДОТ НА ПОЛНОТО СОЗРЕВАЊЕ

Во периодот од 11 до 15 години кај женските, а од 12-16 години кај машките деца многу од родителите забележуваат брзи промени во нивниот физички и психички развиток. Тие промени се огледаат во начинот на поведението, мислењето, учењето итн. Неупатените родители се прашуваат што станува со нивните деца — зошто детето има слаб успех, чудно држање, зошто е каприциозно, и на крајот-како да се справат со сите овие проблеми?

И ако сето ова е чудно и необјасниво за многу родители овие појави кај децата во оваа возраст се природни, закономерни и обусловени од нивниот психички и физички развиток.

Децата во својот живот не се развиваат рамномерно, линиски, постепено. Нивниот развиток е скоковиот и со огромни разлики. Затоа психологијата го дели детскиот развиток на фази или периоди, и тоа: од раѓањето до третата година, од третата до седмата година, од седмата до единаесетата, од единаесеттата до петнаесеттата година кај женските, односно до шеснаесетата кај машките деца. Секоја од овие фази има свои карактерни белези, психички и физички кои треба добро да ги познаваат како родителите така и сите оние кои се занимаваат со воспитувањето на децата. Една од фазите која нé интересира нас во конкретниов случај е фазата од 11 до 15, односно од 12—16 години позната под името пубертет или средна училишна возраст. Во ова време децата го напуштат детскиот живот и преминуваат во дечаштво, период пратен со бурни физички и психички промени.

Физички промени кај децата во периодот на полното созревање има многу. Родителите би требало да ги знаат барем основните, а имено дека жлездите за внатрешно лачење ја наголемуваат својата функција. Под влијанието на соковите-хормоните од овие жлезди децата брзо растат, добиваат во тежина. Понекои деца се бледи, малокрвни, гласот им станува неприродно дебел, се менува. Кај машките деца се забележуваат признаци од брада и мустаци а кај женските пак растење на дојните жлезди, ширење на карличните коски, кожата добива мрсен пигмент и воопшто нивното тело добива женска форма. Кај нив пубертетот се јавува нешто порано одошто кај машките. Оттука женските деца во оваа возраст изгледаат поразвиени. Кај машките, а исто така и кај женските деца се јавуваат полни возбуди. Кај женските се јавува менструација а кај машките полуција. Овие појави често пати ги заплашуваат децата што доведува тие да се повлекуваат во себеси.

Покрај физичките се јавуваат и психички промени. Поважните од нив кај децата од оваа возраст се следните:

До времето на пубертетот вниманитео и интересот на децата се управени повеќе кон игрите и играчките. Во времето на пубертетот вниманието и интересот кај децата вклучени во производството се управени кон работата, а кај учениците кон учењето. Децата од оваа возраст се интересираат за својата иднина и си го определуваат својот животен пат. Но, вниманието и интересот кај децата од оваа возраст се исто така упатени кон спротивниот пол.

Фантазијата кај децата од оваа возраст е многу бујна. Се занесуваат со некои романтични идеи, си создаваат нереални слики, уживаат во нив, па затоа често пати ги наоѓаме повлечени и замислени. Чувствата кај децата од оваа возраст се многу променливи. Лесно се возбудуваат и појавуваат нервоза, прилично брзо се расположуваат, но зачас можат да се натажат или налутат. Љубовта ја идеализираат.

Во односите со постарите тие се многу сериозни. Сметаат дека се наполно зрели луѓе. Ним им се чини дека премногу знаат, дури понекогаш и повеќе од другите па затоа и критикуваат. Многу брзо донесуваат решенија. Смели се, храбри и одважни, но често и тврдоглави-самоволни и мрзеливи.

Помалку грижи им задаваат на родителите оние деца чие внимание и интерес се упатени кон работата и учењето, а повеќе оние чие внимание и интерес се упатени надвор од учењето и работата, најмногу кон спротивниот пол. Во тие семејства сукобите помеѓу родителите и децата се прилично чести. Но овие сукоби често доаѓаат и по вина на самите родители, кои, не познавајќи ги промените кои настануваат кај нивните деца би сакале да го задржат стариот однос, неводејќи сметка за сите горе наведени физички и психички промени.

Поради брзите промени во организмот-наголемениот физички развиток — децата трошат повеќе енергија, па затоа особено внимание во овој период треба да посветиме на нивната исхрана. Спиењето на децата треба да е на тврда постела. Излежувањето во постела не е препорачливо. Децата треба веднаш да станат штом ќе се разбудат. По станувањето неопходно е да се прави фискултура. Поголем дел од денот треба да го минат на чист воздух и во работа. Неопходно е исто така на децата да им се установи распоред на работата во текот на денот и да се бара секојдневно исполнување на истиот. Мерките за спиењето, станувањето, боравењето на свеж воздух, бавењето со фискултура, работа и распоредот на работата се неопходни заради отргнување на децата од полните возбуди. Ако го оставиме детето без работа, или ако му дадеме некоја лесна работа со тоа ќе му овозможиме да си создава фантастични слики во свеста, да ужива во нив и да формира негативни навики, како на пример вештачко предизвикување на полни возбуди. За да се избегне вештачкото предизвикување на полните возбуди неопходно е, ние родителите, да ги известуваме децата за промените кои настануваат кај нив во смисла дека тие претставуваат нормален и природен процес на човечкиот развиток. Во случај ние да не им ги дадеме потребните упатства тие ќе ги добијат од други извори, но изопачени.

Затоа, вниманието и интересот на децата во пубертетската возраст како што рековме, треба да се усмеруваат кон работата и учењето, кон општествените промени во периодот на изградбата на социјализмот кај нас. Децата од оваа возраст особено се воодушевуваат со делата на борците во изградбата на социјализмот, како и со делата на борците од блиското и далечното минато. Ним им импонираат такви подвизи и затоа се готови да тргнат по истиот пат. Поради тоа е неопходно да им се раскажуваат лични преживелици било од изградбата, било од Народно-ослободителната борба, или да им се укажува на други позитивни примери од дневниот печат или литературата.

Особено внимание би требало да посветиме на изборот на книгата за нашето дете. Во оваа возраст треба да се избегнуваат книги во кои отворено и вулгарно се сликаат полните односи, оти тие можат само да им ја распалат фантазијата и предвреме да предизвикаат полна возбуда.

Разговорите со децата треба да се водат многу вешто, што поприродно и ненаметнато, оти децата од оваа возраст не трпат „попување“ и моралисања. Особено внимание треба да обрнеме и на издавањето повелби на децата. Тие не смеат да имаат повелбен тон, туку повеќе вид на поставување на проблеми за разрешување пред семејството. При разрешувањето на тие проблеми да се побара нивната соработка и помош, водејќи при тоа сметка за детската личност, неговото достоинство и чест. По свршување на работата од детето треба да му се одаде признание на неговиот труд, а со тоа и на неговата личност. Тоа ќе му биде стимул за идната работа.

Како средство за воспитување кон спротивниот пол може да послужи убавата литература во која се слика идеалната љубов. Во случај родителите да не знаат да ја изберат убавата книга за совет треба да му се обратат на наставникот по литература.

Примерот на родителите има најпозитивно влијание на воспитувањето на децата во секоја возраст па и во оваа. Правилниот однос меѓу родителите, заемното почитување, љубовта и нежноста, хармонијата во бракот и заедничкото решавање на проблемите најмногу придонесуваат за формирање погледот на децата кон општеството, животот и работата и нивните односи кон спротивниот пол.

Воспитувањето на децата во периодот на полното созревање не би требало да се гледа како одделен процес од целокупното воспитување на децата од нивното раѓање па до зрело доба. Правилното воспитување на децата до претпубертетската возраст е услов за правилното воспитување и во период на полното созревање.

Б. П. и Ч. П.

Во Бурма

ЖЕНАТА ОДИ СО ПРОГРЕСОТ

„Не, не-би протестирала До Кин Чи секогаш кога е наречуваат „мајчица на нашата земја“. Таа се брани против такво ласкаво име и предпоставува да ја викаат „мала сестра“.

До Кин Чи е вдовица на Аунг Сан, председателот на владата на Бурма кој склучи со Велика Британија договор за независност и кого што го убија неговите политички противници.

Називот вдовица на еден национален херој би бил доволен да и' обезбеди во нејзината земја чест и почит од сограѓаните, но таа сака да биде само она што самата претставува. Во Бурма, каде што жената е еманципирана, До Кин Чи лесно може да го изостави името „госпоѓа Аунг Сан“ за да го носи своето моминско презиме. Таа ја задржа и својата поранешна работа, но место да остане обична болничарка, До Кин Чи раководи, во министерството на народното здравје во Рангун, со секцијата: грижи за мајките и децата.

На нејзините ученички-болничарки треба да им се одаде посебно признание. Изучени од неа дванаесет девојки од селата ќе можат сега да се вратат во своите села кај делтата на реката Иравади или во планинските реони. Девојките од градот не би се снашле таму, но овие млади болничарки свикнати на селски живот се враќат назад со добро знаење.

До Кин Чи ги прибра во установите за жените сите жени на министрите. Мнозинство од нив се болничарки, лекари или имаат слична работа. Во Бурма многу жени заземаат високи места, а повеќето од докторите се жени; најистакнатиот правник е исто така жена.

Бурма има во Југоисточна Азија изклучителна положба. Од памтивек, жената е рамноправна со мажот, што, во еден историски момент, ја предизвикало полиандријата (брак во кој жената има повеќе мажи). Во Бурма бракот е обичен цивилен договор што им дава еднакви права на двете страни и нема црквено обележје. Трговијата во голем дел е во рацете на жените а мажите често се занимаваат со домаќинство.

Во Бурма неписмените се ретки-тоа е второ обележје што ја чини особена земја. Владата прави севозможни напори да ги подигне општествените установи на покултурно рамниште. Таква цел има и бурманското друштво за преводот, што ги преводи на бурмански главните дела на светската литература.

Образованието на масите е во полн размав. Активноста во таа смисла е усмерена особено на селата. Во секој реон, дури и во највисоките определени се села што се сметаат како центри, такви има 150 во целата земја. Во овие центри се предава: за народното здравје, за хигиената, земјоделството, занаетчијството, индустријата, за задругарството и друго.

Повеќето од докторите се жени

* * *

На барање на бурманската влада, УНЕСКО испрати во земјата два стручњака за народното образование. Во таа област се чувствува голем недостиг од оспособени луѓе: има само 13.000 учители за целата земја, а треба 45.000. Бурма има уште многу нерешени прашања — нема доволно училишта, треба да се забрза општото образование, да се подигне индустријата, да се подобри земјоделството.

Во таа тешка борба Бурма има една силна потпора: бурманските жени. Кога жените одат со прогресот, сé е можно во една земја.

(Преведено и преработено од списанието „Гласник“ — орган на УНЕСКО)

МОДА

УБАВИ МОДЕЛИ

ЗА КАНЦЕЛАРИЈА





ЕЛЕГАНТНО

И ЕДНОСТАВНО

ПЛЕТЕНА БЛУЗА ВО ДВЕ БОИ —

РОЗОВА И ОТВОРЕНО ПЛАВА



А) Два модела за капут направени на два начина за секоја прилика. Едниот сошиен широко, а назад со неколку копчиња едно до друго, а другиот тесен во половината со убаво посебно коланче. Елегантно изгледаат со копчиња направени од материјалот.

Ц) Капут со слабо припиени уз телото линии. Назад во половината (струкот) елегантно е набран со коланче под кое се прават благи набори. Коланчињата се готови.

Е) Облекло од три дела, кои се носат и одвоено, е модерна гардероба. Сукната е тесна а од страните расечена.

Б) Мустрата на елегантниот капут со слободни фалти го покажува неговиот преден и заден дел. Се закопчува со готови копчиња.

Д) Два вида капути од волнен штоф кои многу се носат. Во половината е сечен и со колан од истиот материјал или назад широко паѓа од внатрешна фалта по средината. Со дебел раб (поруб) се оивичени јаката и манжетните (капаците) на ракавите.

ЗЕМЈАТА НА ФАРАОНИТЕ ПО НОВ ПАТ

Египет се наоѓа на северо источниот дел од Африка. Тој ја зафаќа областа околу долниот ток на реката Нил со делтата, потоа дел од Либиската пустина и Синајскиот полуостров. Главен град на Египет е Каиро, а најважен трговски центар Александрија.

Површината на Египет зафаќа преку 363.000 квадратни километри, од кои само 13.000 се обработливи. Сета останата површина е необработлива пустина.

Египет е стара земја. Египетската книжевност и уметност се едни од најстарите во светот. Архитектурата оставила најголеми споменици -пирамиди, гробници, храмови, сфинги, обелиски и кули. Најпознати се Кеопсова и Кефренова пирамида.



Кеопсова пирамида

Реката Нил е втора по големина во светот. Таа е од непреценлива вредност за стопанството во Египет. Кога ќе почнат да паѓаат првите дождови во Етиопија, Нил почнува да носи големи количини вода. Поплавите на оваа река започнале да се користат уште во времето на фараоните преку примитивен систем на наводнување, кој понатаму сé повеќе се подобрува со прокопувањето големи водни канали во египетските пустини и благодарејќи на тоа во оваа „земја на бавчите“ постојат три жетви во годината-преку зимата, летото и есента.



Александрија

Но, и покрај богатствата на оваа земја-памукот или „египетското злато“, оризот, пченицата и друго, — животниот стандард на оние кој ја обработуваат е многу низок. Во Египет се менуваа сопствениците на земјата, но животот на селаните остануваше непроменет. Меѓу најголемите сопственици до неодамна се наоѓаше и Египетскиот крал Фарух, кој беше присилен да абдицира од престолот.

Египет, како и другиот исламски свет, сака да се ослободи од зависноста на Велика Британија, затоа тој минатата година го откажа Англо-Египетскиот договор од 1936 година барајќи англиските војски да го напуштат Египет и Суец. Причините за ова се националните побуди на Египќаните, односно нивните стремежи за национална и економска независност.

Денеска, по абдицирането на крал Фарух на чело на владата и Египетската армија стои генерал Нагиб. Меѓу другото тој донесе закон за петгодишниот развој на земјата, за аграрна реформа и закон со кој се распуштаат старите политички партии на Египет. Со одредбите на законот за влегување на ситните поседници во членство на поголеми задруги се најавува понапредна форма на земјоделското производство во Египет. Несомнено е дека Законот за аграрната реформа претставува револуционерен акт во досегашната историја на оваа земја. Се менуваат аграрните односи кои беа во Египет непроменети преку пет илјади годиниште од времето на фараоните.

За египетскиот селанец генерал Нагиб со овие реформи престанува да биде непозната личност, а уште повеќе што тој го истера кралот и пашите.

Генерал Нагиб



Браната на Нил

22 ДЕКЕМВРИ

ДЕН НА Народната АРМИЈА

ЧУВАР НА НАШАТА НЕЗАВИСНОСТ

Со помоќ на Армијата младината ја совладува предвојничката обука. Утре, ако затреба, таа самата ќе биде Армија

Во „непријателската позадина“ (вежба)

Војниците со голем интерес ги следат последните настани кај нас и во светот

Будни чувари на нашето море

38/53

Нашата жена упорно ги совладува тешкотиите на ситe полиња од нашиот живот. Дара Дозет, мајор на Ј. Н. - А. на работа...

... и дома со своите деца